**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Триесет и шестата**
**седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 19 септември 2003 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам да продолжиме со работа.

На ред за дискусија господинот Хисни Шаќири.

Повелете.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Ве поздравувам сите.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван господине министре,

Денеска дебатираме за една тема што е многу значајна. Имајќи ја предвид карактерот на оваа тема и нејзината тежина за сите граѓани на Македонија мислам дека треба да бидеме што е можно поотворени, да бидеме потранспарентни и да покажеме големо ниво на сериозност, затот што само на тој начин ќе може да постигнеме резултати, не само во однос на нас, резултати за нас како пратеници, или пак за институциите или за Владата, актуелната Влада, туку тие резултати треба да ги почуствуваат и граѓаните на Македонија.

Кога ние ќе констатираме и ќе оцениме дека нашата работа, нашиот ангажман во оваа насока се оценува позитивно од страна на граѓаните, да бидете сигурни дека тогаш ќе бидеме на вистинскиот, правииот пат и верувам дека ќе постигнеме во една блиска иднина целосна стабилност.

Прашањето на безбедноста што е денеска на дневен ред по барање на ВМРО-ДПМНЕ, затоа што веројатно тие оцениле дека треба да се дебатира за оваа тема, но

не треба само од овој аспект да се гледаат прашањата, туку треба после една ваква дебата да се круниса со конкретни резултати.

Со оглед на фактот дека јас како пратеник на ДУИ се чувствувам обврзан одредени прашања да кажам на најконкретен начин, затоа што тука не треба да стравуваме, тука треба да бидеме храбри бидејќи само со храбро соочување со проблемите и со реално соочување со тие проблеми, мислам дека само на тој начин ќе постигнеме резултати.

1.Информацијата што ја изложија пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, мислам дека е еднострана, затоа што кога се говори за прашањето на безбедноста, интерес на секој граѓанин на оваа земја е да има посестрано запознавање во однос на проблемите во кои што се соочуваме.

Дами и господа пратеници,

Прво, за да се дебатира за ова прашање и да се има соодветен пристап кон овој проблем треба најнапред да се знаат детално околностите. Вистина е и сите сме сведоци, сите граѓани на Република Македонија дека во 2001 година имавме вооружен конфликт. После секој конфликт секое општество ширум светот нормално е да има дегенеративни процеси. Нормално е да има несогласувања, разни движења што се во спротивставеност со општите интереси. Меѓутоа, нив не треба да ги гледаме само низ партиска призма, не треба да се гледаат низ една национална призма, туку да ги гледаме како општи проблеми, како проблеми што припаѓаат на сите институции на оваа држава и на сите граѓани, со цел тие да се надминат на полесен начин, применувајќи една метода што е најпожелна во моментот, односно да се примени метода што дава резултати. И секогаш, нашите изјави како ДУИ биле јасни, биле јавни за јавноста дека проблемите треба да се решаваат преку дијалог и разговори со населението каде што ние мислиме дека треба да сме постојано присутни. Како пратеници ние сме избраници на народот и имаме обврска, како морална, така и политичка насекаде каде што е потребно да бидеме присутни.

Комуникацијата и контактите со населението се повеќе од потребни. Во моментов би ги оценил како неопходни.

Оценките што можат да доаѓаат од одредени пратеници дека проблемите можат да се решат само со една маратонска дебата, овде околу оваа ситуација, тоа мислење не е соодветно и ваквата маратонска дебата нема да даде такви резултати, толку добри резултати како што можат да дадат активностите на теренот, директните контакти со граѓаните на Македонија и сето тоа што ќе го земеме и собереме од теренот да го пренесеме на нашите партиски структури и пред институциите на оваа држава. Тоа преставува обврска. Затоа Информацијата што ја спомнав, мислам дека не ги опфаќа сите овие компоменти, а би требало да ги опфати. Неопходно би требало да ги опфати.

Со оглед на фактот дека имаме ваква ситуација, меѓутоа, не толку сложена како што беше пред неколку години, имаме постигнато одредени резултати што можеби може да констатираме дека не се доволни, меѓутоа треба да продолжиме да работиме во  таа насока.

2. Ме интересира кои се тие причини поради кои се соочуваме со оваа ситуација пред неколку дена и зошто се случија овие настани.

Говорам со цела одговорност, никогаш проблемите, дами и господо, не треба да се идентификуваат со индивидуи, со личности бидејќи идентифицирањето на сите проблеми со одредени личности нема да даде целосна политичка оценка. Секогаш ќе имаме, на пример, во овој правец, така да кажам не дека нема да имаме резултати, туку и во оценките нема да бидеме точни прецисни.

Да се идентифицира целосното население на Липковската општина како негативна, мислам дека не е вистина и не е правично. Јас доаѓам од тој регион. Јас сум роден таму. Сите генерации пред мене што се родени таму живееле и живеат таму и сега, така што ги познавам сите околности, јас а исто и другите кои живеат таму. Затоа ќе биде многу оправдано и правично, праведно никогаш информации да не доаѓаат од некомпетентни луѓе, луѓе кои не го познаваат проблемот.

Токму јас, моите другари и сите мои колеги и пратеници беа заинтересирани проблемот да го надминеме, така да речам без болка без некои инциденти. Но, за жал, ни се случи Брест каде имаме двајца убиени. Тоа е едно прашање што треба да се дискутира и да се анализира. Прашање е дали постигнавме резултат во овој правец? Јас сум длабоко убеден дека немаме постигнато, бидејќи имавме доста убиства од двете страни и отворено велам, без оглед, крвта на секого е иста, болката на секое семејство е иста без оглед на националната припадност. Длабоко сум убеден дека во оваа форма, доколку одиме да ги решаваме проблемите, јас не гледам некој резултат и не очекувам многу.

Ние, како пратеници на Демократската Унија за интеграција, каде што таму беше присутен и пратеникот на ПДП господинот Исмет Рамадани и Џезаир Шаќири, ние бевме во Ваксинце, да точно е, разговаравме со луѓето. Видовме дека е оправдано дека треба да се разговара. Без оглед на оценките и етикетирањата што се случија и што беа дадени на наша адреса, сметавме дека треба да одиме таму и треба да разговараме со населението. Оваа средба мислам дека даде резултати. Резултатите се познати. Формата што може да се аплицира, да се применува, јас знам дека формата на насилство, на употреба на сила во моменто не е добродојдена во вакви околности. Навистина, точно е дека ние треба да се соочиме со проблемите што ги имаме, бидејќи само со решавање на проблемите, ние можеме да имаме целосна стабилност, можеме да се соочиме и да се фатиме во костец со другите прболеми, бидејќи ги знаеме проблемите на населението во овој кра. Но, без една целосна стабилност неможеме да имаме мобилизација во насока на надминување на економските и социјалните проблеми. За мене е ова многу јасно, а исто и за сите пратеници на ДУИ.

На средбата во Ваксинце, имавме дебата со населението, со жителите. Имавме навистина многу правичен пристап, приод така што длабоко сум убеден дека и населенито жителните не разбраа. Но, навистина ми беше многу криво, одговорно велам не сакам да се кријам, јас бев таму во времето кога се случи војната. Но, на

нивните врати сега тропаат луѓе кои не беа и немаат никаква врска со нешто што може да биде во насока на зголемување на тензиите. Треба да знаете дека во војната во тоа време деца, жени, старци живееле и сега сеуште живеат во многу тешка состојба. Но, некој да тропа на врата, да се удира во гради дека учествувал во воениот судир, а во тоа време пиел кафе во Скопје а сега се удира во гради дека прави нешто, кога ќе рече дека ДУИ е слуга на СДСМ, господо, треба да имаме одговорност кога ги изговараме овие зборови.

Јас говорам во прво лице еднина. Можеби не е нескромно, така што во времето на конфликтот тој кој вели дека сме биле ние слуги, 18 месеци Хисни Шаќири не земал ниту какви примања, иако беше член на овој Парламент. А тој, кој не напаѓа, тој живееше во тоа време навистина на луксузен начин без да ја запознае ситуацијата, состојбата во општина Липково.

Ние никогаш не сме биле и не сме ничии слуги. Јас имав мандат на пратеник пред воените судири. Јас имав мандат. Тоа сите добро го знаат. Сите кои се тука присутни, а тоа го знае и македонската јавност, албанската јавност. Некој сега се чувствува задоволен и комотен дека по вооружениот напад, конфликт, станав пратеник и дава политички оценики дека ДУИ не прави никакви работи, дека ДУИ е сервилна, дека ДУИ е партија - слуга. Повелете, ќе разговараме за сите прашања за кои што мислите дека треба да разговараме. Ние сме отворени и подготвени да ги координираме работите со една единствена цел што побрзо да имаме стабилност и мир, бидејќи тоа е единствениот пат што може да гарантира иднина за сите. Не постои друга опција, нема друга алтернатива. Да не се шетаме горе-долу, да не продаваме демагогија бидејќи демагогијата не чинеше многу скапо во изминатиот период, а тоа важи и за сега и за во иднина. Да бидеме отворени, да имаме храброст, само така кога ќе се соочиме со состојбата, знајте дека ќе имам резултати, ќе постигнеме резултати.

Господо пратеници,

За проблемите што се случуваат во последно време сме одржале неколку средби. Почнувајќи од средбата во Арачиново, потоа во липковскиот регион. во

општина Липково со присуство на претставници на ОБСЕ и последната средба што беше во Куманово каде беше присутен меѓународниот фактор, најистакнатите луѓе, луѓе кои ја претставуваат било ЕУ, НАТО и САД. Сите тие беа заинтересирани, тоа е моја оценка, заинтересирани ситуацијата да се надмине со политички средства преку контакти со населението, затоа што и тие оценија дека конфликтот или било кој инцидент нема да даде резултати.

Во текот на нашите активности зедовме обврска да ги прошетаме сите тие села, да контактираме со луѓето. Меѓутоа не стигнавме затоа што се случи Брест, што според мене претставува грешка што не смееше да се случи. Но, тоа се случи. Таа акција заврши со две жртви, со двајца убиени. Сега треба, ни преостанува и тоа да го надминеме. Треба да изнајдеме начин со цел повторно да не ни се повтори Брест, на ниту еден дел на територијата на Република Македонија.

Дали тоа беше единствен начин за решавање на проблемот? Можеби некој ќе каже - да. Јас,на најкатегоричен начин велам не, никако. Тој начин на делување не смее да претставува единствен начин за давање резултати и стбилизирање на ситуацијата.

Зошто мислам така? Јас мислам, а и сите мои колеги, затоа шт долго сме разговарале за ова прашање и на партиско ниво и на ниво на парламентарна група, неопходно треба да работиме на тој терен, треба да бидеме што повеќе во контакт. Таму, социјалните проблеми, економските проблеми достигнаа колуминација. Тоа го знам јас, тоа го знаат сите. Вистина е дека за тој предел се говорело многу и се смета за област каде што може се да се случи. Меѓутоа треба да имате предвид. Фазата за демобилизација беше последна, рокот беше последен на 26 септември. Од тогаш се нема случено никакво убиство од ниски мотиви. Немаше ниту киднапирања, ниту кражби. Можеме само да зборувам за последното киднапирање што се случи, што се зема како мотив за сите други натамошни активности. А, сакале или не, ситуацијата поради тоа се оптовари уште повеќе, се влоши уште повеќе. Други кражби и други убистава немало. Населението е свесно за што се има определено. Населението се

определило за мир и стабилност. Од нас бара помош во таа насока, бара наша поддршка, поддршка од институциите на оваа земја, поддршка од пратениците, независно на која партија припаѓаат. Тоа им недостигаше.

Многу малку контакти се воделе со тоа население, многу малку разговори се воделе што би воделе во прилог на мировниот процес. Затоа, како сугестија за иднината оваа не треба да ни се повтори, треба да ги отвориме ширум очите и наша обврска е да ги држиме под контрола, контролата да не ја земат под себе одредени индивидуи, поединци, затоа што моментно  не само што тоа не одговара, туку ќе предизвика и додатни проблеми.



ХИСНИ ШАКИРИ: (продолжение)

Јас би говорел и за други прашања. На пример, зјавите на одредени пратеници на ВМРО-ДПМНЕ,  некој од нив овде побара вонредна состојба.

Господа пратеници, на овие прашања не треба да гледаме со емоции или пак со други оптоварувања што не сакам да ги спомнам. Тука треба да бидеме пратеници во вистинска смисла на зборот и претставници на народот и треба да придонесеме кон решавањето на проблемите. Не треба уште повеќе да ја комплицираме состојбата што ја имаме, затоа што некои, не велам сите, меѓутоа доволно е еден поединец да биде меѓу 100 добри, тој може да создаде повеќе проблеми отколку сите други заедно да направат добро.Би биле големи проблемите што тој може да ги создаде. Тоа е многу полесно отколку да се координираат работите и да се постигне тоа што претставува заеднички интерес.Вонредната состојба не е нешто што треба туку така да се каже. Некој можеби мисли дека со тоа ќе го привлече вниманието на медиумите, пишани или електронски. На тој начин не е направена чесна работа. Тие работи не одат така.

Опозицијата како опозиција, сосема се согласувам дека треба да се занимава со ова прашање, бидејќи сите ние треба да се занимаваме со тоа прашање но кога се поставува прашањето на безбедноста не треба воопшто да се прави поделба помеѓу власта и опозицијата, бидејќи мирот и стабилноста е за сите, не е нешто што го ужива

само власта, а опозицијата не. Тоа е нешто што се однесува на сите граѓани. Во тој правец многу сме зборувале и во овој Парламент. Меѓутоа доколку го користиме минатиот жаргон, пред 2001 година и се делиме на македонци и албанци, да знаете дека главната грешка ќе биде токму тука.

Вчера дискусиите и оценките што ги слушнав за создадената ситуација, видов дека главен виновник секогаш се бара кај албанците. Разберетеме кога велам прашањето на албанците не треба да се идентификува со поединец, не е тоа нешто што јас го посакувам. Меѓутоа, кога се прават политички проценки не треба тоа да се земе на ниво на поединец и да се рече дека ситуацијата е таква и дека не може да има соживот, не може да има услови за заедничка иднина. Голема грешка е тоа да се прави така. Фактички тогаш се собираме со тоа што го содржи Охридскиот договор. Некој овој рамковен договор го нарекува разголен да речам така, документ, документ без товар и без значење. Хисни Шакири не го потпишал тој документ. Тој документ го потпишале четирите најрелевантни партии во тоа време што биле во Парламентот. Да се стави потпис на еден документ и самиот да не го почитуваш тој документ, тоа не само што е скандалозно, туку е во спротивно со сите демократски светски стандарди и правила. Ние сме длабоко убедени дека тој документ, Охридскиот договор, сите постојано се повикуваме на него, при секоја политичка декларација и сите велиме дека треба да се работи во тој правец. Вистина е дека тој не тече со динамиката со која би требало да тече, меѓутоа, во овој момент би требало да имате предвид една работа односно треба да го имате предвид тоа дека Хисни Шакири секогаш го кажува тоа што мисли и што чувствува пред граѓаните, не се плаши да каже дека е направен еден голем чекор.

Јасно голема храброст има СДСМ и другите коалициони партнери, кога се одлучија неодамна со закон да го легализираат тетовскиот универзитет. Ова воопшто не го гледате како едно капитално прашање. Една институција која ќе ја гарантира иднината за сите млади во оваа држава. Зошто не сакаме да го кажеме тоа. Некој вели дека тоа е само прагментарно решавање на проблемот. Да ги оставиме ваквите

изјави. Разберете дека е направено нешто во овој 12-годишен период на повеќепартискиот систем, и дека тоа што е направено како позитивно треба да го претставуваме насекаде каде што сме. Не треба на сите прашања да се гледа со една доза на скептицизам, а би рекол и со резерва, само за да постигне нешто поединецот. Вреди да се жртвува поединецот за едно повозвишено прашање. Вреди да се жртвува. Ова е една теорија, многу корисна политичка теорија. Некој сега дава декларации и оценки да ја одржува тензијата.

Јас кажав и уште еднаш ќе повторам дека со прашањето на универзитетот е создадена една многу цврста основа и ние треба да имаме многу конструктивен пристап кон сите проблеми што се случуваат. Хисни Шакири не е изменет. Јас сум кажал и уште еднаш ќе повторам, јас 18 месеци не сум бил во Парламентот, 18 месеци не сум земал плата. Некој земал и плата и други бенифиции уживал и си дава за право и натаму да манипулира со населението. Јас не сакам да манипулирам со населението. Јас сакам да бидам до крај искрен. Ние сме се определиле за Охридскиот договор. Треба да имаме позитивен пристап и треба да го поддржиме до крај, до потполната негова имплементација. Доколку има девијации, повелете, отворени сме за разговор, се разбира за сите девијации што можат да се појават, меѓутоа не и за изјави преку печатот, во моментот мислам на пратениците, на политичарите. Тие тоа не треба да го прават затоа што има место каде може да се решаваат проблемите. Јас можам да дадам некоја изјава, да видат сите дека Хисни Шакири е еден човек кој сега ќе пласира некоја идеја која ќе предизвика некој голем интерес. Меѓутоа, нека повелат тие мажи нека кажат, да дадат форма и начин како да се реализира тоа.

Вчера се зборуваше за поделба на Македонија. Тоа се големи изјави и за тоа треба да се понесе одговорност. Тие се пласираат во момент кога ситуацијата е тензирана, кога е сериозна.Зошто се случува ова? Можеби заради нашата несериозност. Тие кои трчкаа, кога се говореше за Рамковниот договор за да се изнајде формула, за да се дефинира целата ситуација таква каква што е и да се

заокружи тој договор, денес говорат нешто друго и се судираат со своите ставови што ги имале во 2001 година. Ова е несериозна политика. Населението има потреба за смиреност. Тие кои даваат изјави од ваков карактер, би сакал да одат во липковска општина и да видат во каква ситуација се наоѓа тоа население, да видат во каква мизерија живеат тие затоа што таа област од секогаш била најсиромашен дел на Македонија. Меѓутоа, со војната се создадоа уште поголеми проблеми, бидејќи целата инфраструктура е разрушена, сит екуќи кои се поправени, тоа е многу краткорочно. Кога тој дел гореше зарем никој не помислуваше дека тој дел е на Македонија, туку правеше, тие одредени луѓе шетаа, имаа контакти со Меѓународната заедница и најголемо задоволство им беше дека денес разговарале со овој или со оној. Тие денес излегуваат со некои големи идеи, идеи кои не придонесуваа кон подобрување на ситуацијата и нејзино надминвуање.

Можеби предолго зборувам, меѓутоа имам право за тоа бидејќи и припапѓам на зоната каде што имаше проблеми пред неколку дена. И кога говорам јас мислам имам полно право затоа што сум многу подобро запознаен од многу други, со таа ситуација. Некој зборува за Липково од тоа што слушнал од други. Меѓутоа јас говорам затоа што ја знам ситуацијата таму, што сум го видел тоа, се разбира заедно со моите колеги. Мојот апел од средбата во Липково беше наменет на сите пратеници, независно од партиската припадност дека треба да одиме во Ваксинце, да ја надминеме ситуацијата затоа што  знаеме дека тоа е во интерес на сите нас тој проблем да го затвориме по мирољубив пат, без некоја длабока рана, затоа што раните не можат да се залечат за кратко време. Доволно се убиваа луѓе во оваа држава. Сега секој поединец или одредени луѓе што сега за сега предизвикуваат проблеми, да работиме во насокаи тие да ги вратиме на вистинскиот пат, да контактираме со ти елуѓе, да ги увериме дека ова е вистинскиот пат, дека ова е најдобриот пат и дека овој пат е поддржан од светот, од Европа и од релевантните сили кои што одлучуваат за  балканот и Европа. Наш интерес е за европска интеграција, тоа е интерес  на секој граѓанин, независно каде припаѓа, затоа што

нашата перспектива и иднина припаѓа токму таму. Меѓутоа, не можеме да одиме во Европа на овој начин, со вакви политички размислувања, со вакви разлики со кои се соочуваме. Навистина ова е мој четврти мандат во овој Парламент, меѓутоа отворено ви велам, треба проблемот да го гледаме на вистински начин. Кога бев во Ваксинце очекував луѓето да миречат ние имаме наши проблеми, а ти си пратеник. Затоа најдов за сходно да одам таму и се доведов дури во ситуација да им речам, ќе ви го предадам мандатот, односно ќе се откажам, не сакам тука да камуфлирам нешто или да водам некоја политика, еве што рече. Бев во состојба со колегите со кои бев, да го направиме тоа. Вака се решаваат проблемите, а не со кабинетски изјави, не со политички проценки што во моментот можам да ги наречам, најискрено, паушални. Пред се треба да се познава проблемот добро, да се соочиме со тоа што се нарекува реалност и да се ставиме во функција на решавање на проблемот преку мирољубиви методи и форми. Меѓутоа не треба да се заборава општиот интерес. Доколку индивидуалниот интерес се стави над општиот, тогаш сме направиле голема отстапка, голем престап и проблемите секогаш ќе не следат.

Јас сум длабоко убеден дека ресоцијализацијата на поранешните припадници на ОНА не е направена. Ние тука имаме една голема болка, имаме голем проблем како ДУИ. Тоа треба да го има предвид Владата не само заради ДУИ како коалиционен партнер туку тоа треба да се надмине во духот на тоа што се нарекува заеднички живот, релаксирање на меѓуетничките односи, создавање клима на соработка. Не треба погрешно да се разбереме во нашите барања. Нашите барања секогаш треба да бидат реални.

На крајот посакувам, со поголема одговорност, и како пратеник на ДУИ, бидејќи сум и координатор на политичката партија, разговаравме за ова прашање, но и како политичка партија која е во коалиција, владина коалиција, одговорноста која ја преземавме од резулатите во 2001 година кога имавме силна поддршка од населението. Бидете убедени дека со една конструктивна политика ние ќе се

обидеме до крај тоа да го реализираме, тоа што е општ заеднички интерес, но пред се, мир и стабилност. Тоа не треба да го заборавиме.

Охридскиот договор како рамковен договор ги обврзува сите а не само партнерите од коалицијата, а некој да гледа од страна, да гледа сеир или да додава бензин на оганот. Тоа не е во ред.

Последните настани што се случија со учениците во Скопје и Битола, некој стои зад нив. Не треба да се сокриваме, да го фрлиме каменот, а да ја сокриеме раката. Ова се многу ниски политички удари, кои не придонесуваат за подобрување на ситуацијата. Верувајте тоа ќе ја девалвира Македонија и пред меѓународниот фактор. Учениците не знаат да водат политика. Јас работев во образованието и добро го познавам карактерот и природата на учениците, нема потреба да ми обаснува некој кој никогаш не видел дневник.

Мене ми се допаѓа една дискусија од пратреничката од Куманово. Токму треба вака да ги разбереме работите, бидејќи нема друго решение. Ги вадиме учениците на улица во Скопје и Битола. Во чии интерес е тоа да го прават граѓаните, дали е тоа во интерес на граѓаните, ако е, ќе го направиме. Доколку треба да се отвори една паралелка таму и таму, треба да се отвори. Македонија нема да загуби ништо од образовните кадри. Треба да им подадеме рака на сите граѓани во Македонија, да им кажеме дека се заокружува една работа во Македонија, тоа е прашањето на универзитетот. Тоа треба да се поддржи, да се поддржи храброста на луѓето кои го направија овој исчекор и сите треба да станеме во ред силно и да ја поддржиме до крај, бидејќи само вака ќе одиме напред и ова е најдобрата гаранција за сите нас, без оглед кој каде припаѓа, дали е Албанец или Македонец или од други припадности, бидејќи тие се многу потесни отколку вкупните интереси на граѓаните. Сега се политизира прашањето во средното образование. Од сето тоа нема потреба. Треба да ги надминеме овие работи, да одиме да разговараме со учениците. Јас два три пати имам средба во Куманово во врска со проблемите. Одевме повеќе пратеници таму, разговаравме. Јас им велев, доколку вие имате некое подобро решение што јас не го

знам и не сум во состојба да го конципирам,  повелете, професори, кажете ми, воопшто не се воздржувајте. Но, нема друго решение. Ова решение е најдобро и треба така и да се прифати. Така ќе одиме напред и ќе ги решаваме проблемите. Се случило нешто а сите ние сме го осудиле, сите експлозии што се случиле, сме ги осудиле. Тоа е надвор од сето тоа што се нарекува човечно. Тоа се форми на дејствувања, ниски дејствувања и незнам какви мотиви има зад тоа. Но треба сите заеднички да дејствуваме против таквит епојави и сите ние, во сите средини да разговараме со сите структури. Така ќе имаме многу, многу големи резултати.

(Со седницата продолжи да раководи Агрон Буџаку, потпретседател на Собранието на Република Македонија)(.

АГРОН БУЏАКУ:

Процедурално за збор се јавува господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине потпретседателе, колеги пратеници,

Јас се извинувам што упаѓам процедурално, меѓутоа сакам да ја искористам оваа прилика и да го кажам слендото:

На вчерашната седница, понесен од атмосферата во која западна и Парламенто и лично јас, настапив доста некоректно, спомнувајќи го името на господинот Кондарко, а во контекст на точката на дневен ред.

Сакам да ја искористам оваа прилика и јавно да му се извинам на господинот Кондарко. Навистина беше некоректно од моја страна. Би ги повикал и другите пратеници, навистина, не само заради достоинството на господинот Кондарко, но и заради достоинството на сите пратеници, да водиме сметка што зборуваме и што искажуваме од говорницата. Значи да го сочуваме достоинството на сите. Уште еднаш јавно се извинувам.

АГРОН БУЏАКУ:

За реплика се јавува господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитувани колеги пратеници, само кратко би реплицирал на претходното излагање, иако не слушнавме сега, заради повишениот тон, се даде некаква забелешка.

Прво, сакам да искажам едно чудење во однос на демагошкиот пристап на претходниот пратеник, во однос на наводите кои беа кажани.

Точно е дека во Европа се оди со мирољубиви средства, со создавање на услови, со компатибилност на сите политички методи кои се применуваат и со создавање на институционална компатибилност на Република Македонија со Европската Унија. Меѓутоа, во Европа не се оди со употреба на оружје, со насилство. Затоа треба прво да се разоружаат сите оние кои во моментот се наоѓаат во планините околу Брест и Република Македонија да го оствари својот суверенитет на тие подрачја.

Зборувате за мирољубивите методи и форми за решавање на проблемите. Дали истиот метод го применивте и вие кога во функција на остварување на своите цели зедовте оружје и наместо со политички средства проблемите ги решававте со насилство, а овде се зборува  за некаква демагогија за мирољубивост на истите оние луѓе кои предизвикаа смрт на десетици бранители на уставниот поредок на Република Македонија.

III/.-RD/OM

AGRON BUXAKU:

Gospodinot Hisni [akiri ima replika na replika.

HISNI [AKIRI:

Jas kolku {to gledam, imam pravo da konstatiram deka gospodinot ne me razbral dobro.

Koga go velam ova, predvid go imam mojot stav g-dine pratenik deka za celiot moj `ivot, nikoga{ na demagogijata ne i dadov prioritet, bidejki nikoga{ ne sum bil zadoen so iluzii, no sekoga{ sum sakal da bidam pragmati~en i toa me odr`alo i sega me odr`uva i iskreno sakam da vi ka`am , imam pri~ini toa {to sakam da go ka`am deka navistina nekoj me po~ituva.

[to se odnesuva do problemite, jas ona {to go ka`av od govornicata, go ka`av so celosna odgovornost. Nemav cel na nekogo da mu vsadam ne{to nadvor od ona {to toj toa go misli. No pravo e vo moralen i drug aspekt, vo ovie mnogu zna~ajni momenti da go postavime pra{aweto onakvo kakvo {to e. Dali e vo interes na nekogo, ili ne e, dali e relevantno ili ne e, no zna~ajno e seto ona {to go ka`av , treba da go razberete vo nedostatok na ona {to ne go razbirate , vie davate poinakva interpretacija.

AGRON BUXAKU:

Za replika se javi g-dinot Fatmi Asani.

FATMIR ASANI:

Blagodaram g-dine potpretsedatele, po~ituvani kolegi , `alam g-dine [akiri, {to ne razmisluvame i nie isto kako i vas i `alam {to 12 godini kolku {to ste vo Parlamentot vo site partii ne uspeavte vo tekot na tie 12 godini da gi razberete nekoi raboti do kraj.

Navistina e deka nie go potpi{avme Ramkovniot dogovor i deka stoime zad Ramkovniot dogovor od Ohrid , a ne posle toa {to se slu~i posle Ramkovniot dogovor, kade {to vie ste direkno odgovorni za negovata implementacija. Vie zaboravata deka ste vo Vlada, deka ste na vlast, deka vie gi imate na raspolagawe site mehanizmi za nego da go implementirate. Vie zaboravate deka vo tekto na donesuvaweto na zakonite od Ramkovniot dogovor zaboravivte da gi konsultirate tie {to go popi{ale Ramkovniot dogovor. Vie zaboravate deka ste vo tek na implemetnacija na Dogovorot na Branko

Crvenkovski. Ovoj dogovor, koj {to vie go implementirate, jas ne go poznavam. Vie zaboravate deka ste na vlast vov reme kog aodite da razgovarate so naselenieto od Lipkovsko i koga im ka`uvate deka nikoj nema da ve napadne . I zaboravate deka sledniot den se napa|a vrz dvajca mladi lu|e. Zaboravate deka vo rok na va{eto vladeewe ubieni se 5 du{i vo ^air~anka i e ubiena edna mlada `ena i seu{te ne se pronajdeni vinovnicite. Vie imate za seto toa direkna odgovornost, zatoa `alam po~ituvan kolega, me|utoa izgleda deka ovaa rabota vakva se ~ini, kako {to velat Debar~anite:"ja zemam pu{kata odam na lov, zatoa {to slobodata nikade ne ja gledame".

AGRON BUXAKU:

Se javi za replika na replika g-dinot Hisni [akiri.

HISNI [AKIRI:

Pravo da vi ka`am ne o~ekuvav reakcija od vakov karakter. Gospodine Zamir Dika vie bevte pratenik i vo prethodniot mandat 1998-2002 godina. To~no deka bev vo vojna. Jas smetam deka izvr{iv edna obvrska vo odnos na naselenieto, bidejki celoto naselenie be{e vo vojna. Ne se otka`uvam od toa. Gospodine Zamir ne sakam sega mo`ebi sega }e bidam ednostran, no dokolku Zamir e be{e Hisni, a Hisni }e be{e Zamir Dika, jas nema da imav hrabrost da go spomnam tvoeto ime. Od seto ona {to go imam predvid deka vie pievte kafe, {etavte, vodevte politika, a tamu gore{e zemjata, be{e se razru{eno. Ve molam, celosno se soglasuvam za nastanite {to se slu~ija, {to gi spomnavte, {to ne ste gi zaboravile, trgnuvajki od ona {to e vo na{iot mandat. Vo na{iot mandat se slu~ija ubistva, no ne zaboravaj deka Hisni [akiri za svojata diskusija ka`a mnogu dobro. Degeneracii imalo vo sekoe op{testvo po vojna i toa treba da se is~isti i treba da se nadmine, no treba so edna mobilizacija na site strukturi, politi~ki, koi {to imaat vlijanie na teren. No so ovie dekalracii ne se re{avaat problemite {to se odnesuva do DUI. DUI }e ja implementira Ohridskata spogodba. ]e go implementira, go velam ova, bidejki zad toa stojat mnogu sili koi {to se so vlijanie vo balakanskata politika i ne samo vo Makedonija. Ova e samo zamajuvawe na naselenieto. Kade {to nema so {to da se hrani naselenieto, toga{ se zanimava so ovie nastani i so ovie problemi, bidejki sekoj `ivot, sekoj mlad ~ovek za mene e od golema vrednost.

AGRON BUXAKU:

Za zabor se javi gospo|a Ganka Samoilova Cvetanovska.

GANKA SAMOILOVA CVETANOVSKA:

Go molam pretsedava~ot so sednica, koga zasedava da go po~ituva Delovnikto i da reagira soodvetno. Zna~i na replika na replika, sleduva edna minuta. Isto kako {to se isklu~uvaat mikrofonite na pratenicite od opozicijata, koga }e go nadma{at toj termin, so istata merka da reagira i koga zboruvaat pratenicite od vladea~kata koalicija.

AGRON BUXAKU:

Dosega ne sum isklu~il mikrofon , no }e po~nam. Nezavisno od koja partija govornikot ako go prekora~uva vremeto, jas }e go isklu~am mikrofonot.

Za replika se javi g-dinot Fatmir Asani.

FATMIR ASANI:

Jas sakam da se vklu~am vo debatata {to ja ima{e mojot voen soborec Hisni [akiri. ^esto pati spomna vo diskusijata, bidejki ne u~estvuvav na sredbite vo Ara~inovo, vo Lipkovo, vo Vaksince, bidejki bev pokanet od samiot minister za vnatre{ni raboti Hari Kostov so edna edinstvena cel, da ne dadam viza da se napadne Brest i drugite sela od Lipkovskata op{tina i {to imav pravo, bidejki veruvam vo ovaa koalicija i ne veruvav deka ovaa koalicija nema da go napadne seloto. Ne Vaksince dkea e najgolemo selo, tuku Brest i okolinata.

Toj re~e deka nie pratenicite treba da bideme sekoga{ so narodot. Toa e to~no, me|utoa mnogu docna e dali treba da zeme pu{ka, pratenicite na DUI da odat so pu{ki vo Vaksince. Tie treba da znaat deka najtekite vojuvawa se slu~ija vo Vaksince i vo Sklup~ane. I nikoga{ nemaa hrabrost da odat i po vojnata, da gi pra{at {to se sluvuva, kakva potreba imaat tie. No tie zaminaa, toga{ koga nekoj ja zema pu{kata vraka, zaminaa tamu. Zo{to Hisni [akiri ne re~e {to pobaraa selanite od selo Vaksince. Tie pobaraa celosna amnestija, bidejki ima golem broj vojnici {to se zatvorile doma i ne mo`at da se dvi`at.

A jas i toj se dvi`ime so dobri koli, ubavi koli niz cela Makedonija. Tie baraa resocijalizacija na vojskata, bidejki e poznato deka po sekoja vojna treba da se raboti na toj teren. Da se vrabotat onie koi {to zemaa pu{ka vraka za izmena na Ustavot, bidejki toa dobro go znae i toj. Tie baraat da se napravi rekonstrukcija na ku}ite, a mo`e da re~e deka  e napraveno rekonstrukcija na ku}ite onaka kako {to treba da se napravi i drugi pomo{ni objekti po selata. Tie baraa osloboduvawe na site politi~ki zatvorenici, koi {to se zatvoreni, tie baraa ostanuvawe na policiski punktovi. To~no e deka se otstraneti, no zo{to ne se otstraneti od Vaksince, Sklup~ane ,Ara~inovo i Matej~e.

AGRON BUXAKU:

Ima replika na replika g-dinot  Hisni [akiri.

HISNI [AKIRI:

[to se odnesuva do resocijalizacijata na pripadnicite na porane{nata ONA, mislam  deka diskutirav i istaknav toga{  bev jasen.

[to se odnesuva do rekonstrukcija na domovite, mnogu dobro rekov deka i toj vid, taa forma na rekonstrukcijata, neznam kolku trae, kolku }e bide dolgoro~na, so ogled na o{tetata na ku}ite.

[to se odnesuva do policiskite punktovi site punktovi koi se postaveni, vo slu~ajot [akiri e kako pratenik, za ovie pra{awa ne re{avaat pratenicite, toa pra{awe treba da go re{i MVR i Vladata, a ne Hisni [akiri, Fatmir Asani ili bilo koj drug pratenik.

Vo odnos na toa {to ka`a deka se trgnati nekoi punktovi, sostanokot koj be{e odr`an vo Kumanovo, be{e postignato vo nekoi  punktovi da se povle~at i da se reducira nivniot broj. Toa e rezultat koj be{e postignat, me|utoa ne mo`am jas tuka da davam naredba koga }e se trgnat. Toa ne e moja obvrska i nemam nikakva odgovornost kog a}e se trgnat od  taa nasoka.

AGRON BUXAKU:

Za replika se javuva g-dinot Xelili.

ZIDI XELILI:

Po~ituvan potpretsedatele, po~ituvani kolegi pratenici,

Ne so soglasuvam so tezata na g-dinot Hisni [akiri deka po sekoj konflikt, vooru`en konflikt, ostanuvaat nezadovolstva i sli~ni elementi od sekade. Ovoj pat vo na{ata zemja nezadovolstvoto ne e nastanato kako rezultat na konfliktot na ostatocite, tuku se rezultat na neuspehot na Ohridskito dogovor, zatoa {to Ohridskiot dogovor se zasnova~e vrz 4 glavni stolba, koj ni eden od niv ne e realiziran.

Prviot stolb e upotrebata na albanskiot jazik, odnosno ednakvata upotreba na albanskito jazik. Dali deneska mo`e da se ka`e deka ovoj del od Ramkovniot dogovor e realiziran denes.

Vtoro, pretstavuvaweto na albancite vo dr`avnata administracija, ednakvata zastapenost .

Treto, amnestijata na porane{nite pripadnici na ONA i

^etvrto, decentralizacijata i novata teritorijalna podelba.

Neka ka`e g-dinot Hisni [akiri koj od ovie 4 stolba se realizirani i kako toga{ mo`e da nema nezadovolstvo, koga se znae deka Ohridskiot dogovor be{e postignat so isturenata krv na albancite koj go dadoa svojot `ivot za realizacija na ovie prava. Zatoa DPA postojano bara{e i se zalaga za implementacija na Ramkovniot dogovor. Hisni [akiri re~e deka naselenieto od Kumanovsko-Lipkovskiot region  e mnogu izmoreno, isto{teno. Zo{to toga{ g-dinot Hisni [akiri pravi eksperimenti so toa naselenie. Zo{to ne izleze pred niv i ne ka`e, gospoda nie sme izmameni, Ohridskiot dogovor navistina ne se realizira i neka ne ja bara vinata kaj opozicionata partija za neuspehot na realizacijata na Ohridskiot dogovor.

AGRON BUXAKU:

Gospodinot Hisni [akiri se javuva za replika na replika.

HISNI [AKIRI:

Gospodine Xelili nikoga{ ne sum go izmamil naselenieto da ka`am deka i denta bev vo Vaksince i sekoga{ sum bil prisuten i sekoga{ sum bil otvoren da ja prika`am sostojbata kakva {to e. No tie koi {to ne doa|aat, tie ne se vo sostojba da se soo~at so sostojbata  i ja izbegnuvaat odgovornosta.

[to se odnesuva do jazikot, jazikot vie go reguliravte so Delovnik i nie sme otvoreni da razgovarame i da dademe edna profesionalna ocenka. Se soglasuvam dali e dobro, dali e vo dogovor so Ohridskiot dogovor. Vie treba da go imate glavniot zbor.

[to se odnesuva do amnestijata, vistina e deka nie imame sredbi, razgovaravme za ova pra{awe, pobaravme lu|eto da bidat slobodni i da imaat celosna amnestija.

Integriraweto , kako tret stolb e {to e vo procedura sega }e bidat prifateni 600 administratori i istovremeno DUI e vo tek na situacijata i baram centralnoto minsiterstvo da imame vklu~uvawe na 23 pratenici spored Ohridskiot dogovor.

Decentralizacijata isto taka e proces. Vo tek se razgovorite za precizirawe na ovie raboti i toa zna~i deka imame vreme da dademe politi~ki vrednostii da ne se brzame mnogu.

AGRON BUXAKU:

Za replika se javuva g-dinot Orov~anec.

\OR\I OROV^ANEC:

Blagodaram g-dine potpretsedatele, kolegi pratenici,

Bi sakal da napomnam nekolku raboti, vrz baza na ona {to go iska`a g-dinot [akiri.

Mora da napomenam dve bitni raboti, koi {to treba da se razlikuvaat: amnestija i amnezija.

G-dine [akiri, amnestijata zna~i prostuvawe i toa se prosteni storeni grevovi, zna~i definirani grevovi koi op{testvoto, vo ime na drugi interesi gi prostilo. A amnezija zna~i zaboravawe, ili ne pamtewe. Me|utoa, tie raboti ne se zaboravaat. Za da se izbledi se}avaweto, potrebni se mnogu pozitivni raboti da se napravat za da izledi slikata na ona {toprakti~no kako grev e napraveno.

Vo opozicija, mo`am da vi ka`am deka vie bevte od onaa strana so ni{an sprema nas, a jas bev del od timot {to go spasuva{e va{iot sin i toj ostana `iv. Humanosta od na{a strana prodol`ila i }e prodol`i. Vie dekalrativno se izjasnuvate deka }e napravite se za principite na Ramkovniot dogovor za koj ovde site se soglasni. Me|utoa, prvo {to treba da napravite ne dekalrativno , potpi{ete kako partija

izjava deka vie vo site elementi ovde ste soglasni so toj Ramkovniot dogovor pred se, a ne posle toa ne{to da ne va`i, pa sega novi prava ili neznam {to.

Vtoro, vie ste del od Vladata. Zboruvamkako  partija i vie gi imate site mehanizmi ovie problemi {to sega gi imame mnogu pobrzo da se nadminat. Od tie pri~ini ima potreba i mnogu e relevantno da svatite deka e potrebno mnogu pove}e da se potrudite, osven ovie deklarativni raboti koi {to ovde gi iznesuvame.

АГРОН БУЏАКУ:

Реплика на реплика, но ве молам задржете се на една минута господине Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Едно почитување кон докторот за хуманата работа што ја извршува како и неговите колеги, го прифаќам тоа што го направил и тоа што го потенцираше целосно се согласувам дека било во функција на создавање на подобра клима, но не бевте директен доктор, тоа го направиле голем број луѓе од ДПА и секогаш доброто се враќа со добро. Ние сме отворени почитуван докторе, имаме почитување во однос на нашите изјави, нашиот политички курс е познат, сме се определиле за она што е сега за сега Охридски рамковен договор, а тој прифаќа се што е во интрес на Република Македонија, во интерес на граѓаните и ние не поставуваме друга опција која во моментот претставува политичка криза, туку елемент кој може да води кон ДУИ кој има јасна политика и е определен на она што го подржува и меѓународниот фактор и нема отстапување од тоа.

Јас незнам како поинаку да се изјаснам, треба заедно да го подржиме она што го прави ДУИ во одредени моменти што директно се соочува со состојбата и коалицијата на власт.

Ви благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Нема повеќе за реплика.

Збор има господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине потпретседателе, господа пратеници,

Денеска говориме за безбедносната ситуација во Република Македонија како точка број пет од дневниот ред.

За жал, мислам дека оваа точка требаше и оваа седница требаше да се одржи многу порано на барање на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија уште во јули месец. Но, јас хронолошки би сакал да искажам неколку работи за разлика од досегашните видувања на господата пратеници, да кажам каде се генерираат овие проблеми и што доведува до ваквата безбедносна ситуација во Република Македонија.

Прашањето е што всушност се случи со оваа Влада на премиерот Бранко Црвенковски? Очигледно е дека оваа Влада воопшто нема решение за ништо, покажува ноторна немоќ, немоќта на премиерот Црвенковски да ја води оваа држава. Нашите проблеми што во моментот ги имаме како држава се предизвикани од немоќта на Владата да реши било кој проблем, почнувајќи од економијата, завршувајќи со безбедноста.

Во економијата не видовме ништо. Вработување очајно и покрај ветувањата за 150.000 до 200.000 вработувања во моментот на Бирото за вработување има 10.000 невработени повеќе отколку во истиот период 2002 година.

Бркање од работа, решение катастрофално за Електростопанството на Македонија, бркање од фондови, затворање на агенции, јавни претпријатија, ќе стигнеме до бројките кои ги ветуваше оваа Влада за вработување, но, сега, за жал, за отпушање на вработување од сите овие претпријатија.

Имаме енормно зголемување на цените, зголемување на данокот на додадена вредност за 13% и покрај ветувањетџо дека ќе имаме многу поголем број производи кои ќе бидат ослободени од данокот на додадена вредност.

За земјоделието катастрофална година, елементарна незпогода за земјоделците, вклучувајќи ги сите нивни производи како тутунот, претседателченицата, млекото и се што значи плаќање на штетите ..

АГРОН БУЏАКУ:

Извинете господине Мавровски, мора тука да ве предупредам дека сте вон точката од дневниот ред, дека не е точка на дневен ред положбата на Република Македонија, стопанска, економска, туку по ваше барање е безбедносната ситуација и ве молам држете се до дневниот ред.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине потпретседателе, јас ќе ве молам да не носите заклучок за мојата дискусија, затоа што безбедносната ситуација токму се рефлектира од овие ситуации во економијата и се она што работи оваа Влада во моментот.

Затоа ќе ве молам да ме оставите да го изнесам моето видување на работите, можеби јас и вие имаме различно видување за безбедноста и како пратеник ќе ве замолам да ме оставите да го завршам мојот говор.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Само да ви кажам јас во оваа улога не сум пратеник на некоја партија, туку ние се договоривме од порано да се држиме до дневниот ред. Ако имате конкретни видувања или размислувања како одредена ситуација во земјоделието влијае врз безбедносната ситуација и врз основа на тоа што вие наведовте во вашата

информација доставена до сите пратеници, ве молам да се држиме до тоа, а ако одиме нашироко да ја објаснуваме целата ситуација мислам дека самите се оддалечувате од дневниот ред. Значи, вашиот став или вашето видување само со такви говори јас мислам дека нема да има очекувани ефекти од вас.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вака господине потпретседателе,

Ако за вас овие демонстрации што се случија пред Собранието на Република Македонија, штрајковите на земјоделците, ова што денеска се случува во Битола, во Скопје за средното образование, ако сето тоа не е нарушување на безбедносната ситуација, јас тогаш ќе се извинам, но мислам деак вие погрешно размислувате и затоа сето ова придонесува за рушење на оваа безбедносна ситуација.

Ако мислите дека треба да разговараме само за Брест и Малина Маала, веќе имаме проблеми. Јас мислам дека точно ова се рефлектира врз целокупната ситуација и се она што претставува безбедносна ситуација во Република Македонија, значи, не се работи за две - три села или за одредена територија, се работи комплетно за Република Македонија и за нејзината безбедносна ситуација. Токму во тој контекст сакам да ги изнесам моите мислења.

АГРОН БУЏАКУ:

Сакајќи да не влегувам во дијалог со вас господине Мавровски, само да ве предупредам и да ви кажам дека во овој комплексен глобализиран свет и случувањата во Палестина и случувањата во Ирак имаат врска со нашата безбедносна ситуација. Затоа ве молам да се држите конкретно за тао што го реков, а тоа што го мислам како пратеник или потпретседател на друга политичка партија, јас

господинот Адеми и на господинот Халими, неговиот цинизам за тоа дали премиерот, или министерот мене ме информирал за состојбите во Битола, еве јавно ќе ви кажам господине Мавровски, не ме информирале и немале ниту потреба, ниту задача, ниту должност да ме информираат. Во оној момент кога јас дознав, јас реагирав. Вие знаете, не реагирате на адекватен начин, туку секогаш сакате да правите циркуси. А да ви кажам со факти. Вие четири години како втор, трет човек на РЕК бевте информирани за сите арамилаци и случувања во РЕК. Сите информации ги знаевте па ги чувавте за себе, никогаш не реагиравте. И на крајот ќе завршам, цело време не напаѓате за коалицијата со ДУИ, со команданти на ДУИ, а ниедно време не сакате да ги спомнете командантите од ДПА и вашите коалициони партнери. За мене господине Мавровски и едните команданти и другите команданти се исти, а за вас изгледа овие од ДУИ пукаа со куршуми, а тие од ДПА команданти пукаа како во цртаните филмови и од пушките излегуваа цвеќиња. Мислам дека е време кога надвор од просторииве доста се почитуваме, да престанете со цинизам и подметнување на своите колеги.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Мавровски има една минута реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Овие се тези кои што ги изнесува господинот Најдовски за кои што јас воопшто не разговарав, ниту ДУИ ниту ДПА. Јас кажав во дискусијата дека господинот Најдовски и господинот Тромбев како претставници на народот од Битола требаше да бидат известени за отворање на албанска паралелка во Битола што сметам дека е многу нормално. Тоа е нивна влада. А дали јас знаев за криминалните дејства во РЕК Битола, и дали сега знам што се случува криминално во РЕК Битола, ќе кажам кога ќе треба. А сега, да ви кажам, за вакви работи, цинизми, ние се огласивме многу пред господинот Најдовски да ја покрене таа иницијатива тука во Парламентот, за негова жал и дека таа ситуација секогаш ќе се гледа. За разлика од нив јас не сум во ситуација да комуницирам директно со Владата и да знам за одлуките кои што таа ќе ги носи. Затоа го замолувам господинот Најдовски да биде поагресивен во однос на

она што значи Битола, во однос на она што се носат одлуки. А исто ве повикавме и вас господине претседателе како претставник од изборната единица 5 да имате повеќе влијание во однос на донесување на тие одлуки.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега не смеам да коментирам што ме прозивате, нели?

Продолжуваме со дебата, нема реплики.

Има збор господинот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитувам претседател на Собранието, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата дами и господа, она што е точка на дневен ред безбедносната ситуација е нешто што навистина во текот на оваа година без прекин постојано не загрижува. Затоа што во целата оваа година сме сведоци на низа терористички акции кои што делумно беа окарактеризирани како криминални, делумно како терористички, меѓутоа, во сите нив очигледно е дека се употребуваше оружје и се засегнуваше по животите на многу наши граѓани. Она што е карактеристично и што можам да го забележам е дека Владата на Република Македонија од почетокот на годината, до неодамна со голема игнорација пристапуваше кон овој факт, најчесто и многу често би рекол се говореше дека во Македонија безбедноста е дојдена, дека Македонија е безбедна држава, дека тероризмот и сите такви акции се зад нас и тоа беше говорено од официјални лица. Значи, практично немаше две недели да поминат, а некое официјално лице, министер или слично да ни објасни колку во Република Македонија е дојдена безбедноста, колку е сега мирно, колку имаме разбирање и тн. Меѓутоа, фактите на теренот покажуваа нешто друго. Неможам навистина да проценам дали луѓето што го зборуваа тоа искрено веруваа во една таква работа, или пак веројатно, значи ако верувале очигледно е дека биле во страшен филм, дека такво нешто се случува во земјата, или пак сакаа да ја смират тензијата, да ја смират ситуацијата во државата, на некој начин да прикријат нешто што се случува, верувајќи дека ако не се зборува

за таа тема, таа  тема сама по себе ќе исчезне. Меѓутоа, во овие работи времето не ги решава проблемите, сами по себе не исчезнуваат. Едноставно против оние кои што ќе дигнат пушка, кои што ќе дигнат оружје да убиваат заради политички, ако сакате во некои случаи заради криминални цели, тие времето нема ди ги излечи тие времето нема да ги тргне од сцената, тие само можат да зајакнат и да направат многу поголеми проблеми во иднина. Во текот на годината додека сето ова се случуваше имавме 30-тина терористички напади во земјата. Меѓутоа, од страна на Владата и покрај многу предупредувања од опозицијата немаше сериозна акција за сузбивање на овие терористички групи. Сите знаевме дека постојат, дури и во одредени информации од Владата беше посочено дека незнам, во 4 региони во земјата постојат и оперираат од време на време, или постојано терористички групи, меѓутоа немаше соодветна акција. Се чекаше времето да го реши тоа, се чекаше незнам, можеби некој претставник на етничките заедници да преговара, да разговара, меѓутоа се покажа дека таквите исчекувања поединци да ги решат случаите кои што не се институција на власта, дека таквите работи тешко поминуваат, односно не поминуваат. Многу често што во медиумските настапи, што во колумни во весници опозицијата предупредуваше што е можно порано да се преземе акција, тоа е подобро, енергична, цврста акција, кратка акција во која што ќе се елиминираат овие групи, ден порано, подобро, затоа што секој изгубен ден е ризик дека тие можат да се намножат, дека можат да привлечат луѓе од локалното население, дека можат да добијат и некој друг вид на поддршка. Меѓутоа, за жал на Владата требаше да и се случи еден настан кога во ден, или два, беше киднапиран еден полицаец, беше кидапирано уште едно лице од македонска националност, беше даден 24 часовен ултиматум од таканаречената групација, терористичка групација АНА и беа фрлени три бомби пред три клучни државни институции. Тогаш, би рекле, некому му светна сијаличката дека прво, таканаречената групација терористичка АНА постои и делува без разлика дали е таа од ваков тип, или онаков тип, многубројна, малубројна, силна, несилна и тн. и дека во земјата сепак имаме групации кои што поучени од примерот од минатото повторно

сакаат со оружје во рака да дојдат до одредени политички цели, можеби и до некои криминални  цели, неможам да го исклучам тоа.

Почитувани дами и господа, граѓаните во оваа држава во своето работење, компаниите и тн. плаќаат даноци пред се и над се за Владата да им обезбеди мир, да им обезбеди безбедност. Тие не сакаат да се плашат кога ќе поминат по улица дали ќе им експлодира бомба, дали некој ќе пука, дали ќе настане некое убиство и потоа тоа ќе го преземе терористичка групација АНА, или некоја друга терористичка организација. Владата премногу долго чекаше за да влезе во акција, премногу долго. Заради тоа дојде и до поголеми влошувања на настаните кон крајот на август и почетокот на септември по што откако се обелодени дека имаме работа со серкиозни терористички групации кои што сериозно го загрозуваат суверенитетот на државата, колку и ден денеска некој тоа да го негира. Се дојде на тоа дека Владата мора да интервенира, државните институции се тие кои што мораат да воспостават ред и поредок на целокупната територија на Република Македонија, никој друг. Ако тие го одложуваат тоа, тие всушност не си ја вршат својата уставна работа. Она што можам да ви го кажам како претседател на ВМРО-ДПМНЕ, најголемата опозициона партија е дека потребна е и нужна е итна бескомпромисна, брза, кратка и ефикасна акција за сузбивање на терористите. Она што го видовме на почетокот на септември во селата Брест и селата околу Брест, е една акција која што еве веќе денеска иако на почетокот се зборуваше обратно, целокупната меѓународна заедница и многу експерти за воени и безбедносни прашања ја прогласија за неуспешна. Убиени се двајца неважни членови на терористичките групи од заседа и потоа повторно повлекување. Според она што го слушам од многу експерти и од претставници на Меѓународната заедница самата акција била слаба, лоша, затоа што прво, имало слаба координација помеѓу МВР и МО, а исто така и тактиката била лоша одбрана, затоа што тоа била тактика од фронтален тип, од стар советски тип, наместо пуштање на специјалци кои што директно ќе ги лоцираат и ќе ги елиминираат пред се самопрогласените команданти на овие групации без да нанесат штета на локалното

население. Тоа не го видовме, видовме значи краткотрајно влегување на безбедносните сили и нивно повлекување откога настанаа проблемите во нивната коалиција. Тука се поставува уште едно прашање. Со месеци зборувме за една многу добра соработка помеѓу СДСМ и ДУИ за една искрена соработка, за едно единство. Меѓутоа, во првата акција гледаме дека едниот коалиционен партнер не бил известен, барем така тие кажаа во медиумите, не бил известен за она што се случуваше, она што го преземаа безбедносните сили на РМ. Се поставува прашањето зошто не бил известен? Ако не бил известен нормално е дека нема доверба, дека некој некому не верува што е спротивно на тезата дека оваа Влада има искрена соработка,има искрени цели да се справи со сите криминални и со сите терористички акции во РМ. Верувам дека тоа искрено и заеднички го прави кога се работи за пуштање на кривични пријави и назначување притвори на лица кои што порано биле на функција. Меѓуоа, очигледно дека  кога се работи за државните интереси, кога суверенитетот на државата е загрозен, дека таа искреност во тој момент исчезнува и дека настапува расправија која што се пренесува во медиумите која што расправија и ден денеска не е расчистена. Би сакал да потенцирам дека секое чекање понатаму за решавање на овој проблем скапо ќе ја чини државата, ако чекаме, ќе чекаме долго, ако чекаме сама да се реши состојбата сама по себе. Погледнете, во Албанија десетина години сеуште има криминални групации во северниот дел на Албанија, сеуште Владата неможе да ги реши. Значи, проблемот сам по себе не исчезнува. :Потребно е некој кој што е задолжен за тоа во земјата да изврши акција, но не да направи акција која што ќе биде само да се покаже дека е направена акција, туку да се оди до крај, бидејќи овие терористички групи ниту ги бранат интересите на албанците,  ниту пак албанското население во РМ сака војни, сака нови разурнувања. Албанците сакаат мир во Македонија, како што сакаат и македонците. Тоа се групации веројатно мали, многу помали од она што ни се случуваше во 2001 година и тоа е добро во овој момент. Меѓутоа, ако се почека можат да станат и поголеми, нема гаранција дека тие нема да се намножат, затоа што често пати употребуваат методи

на присилно собирање на луѓето од нивните домови, барем такви се искуствата од минатото. Значи, што побрзо енергична акција на полицијата и ќе нема потреба од никакви дискусии во Парламентот, од никакви точки на дневен ред за безбедносната ситуација.Размислете што ќе се случи ако вакви групации запоседнат територии во Германија, во Холандија, во Полска. Се разбира Владата и двете министерства се тие кои што ќе интервенираат брзо, кратко, енергично и таа приказна ќе се заврши, наместо со денови да се одвлекува вниманието на граѓаните во оваа држава, да се одвлекува вниманието од најболните, од економските проблеми, од економскиот стандард, од невработеноста во државата што најмногу ги засега и македонците и албанците во оваа држава. Ни се наближува периодот кога очигледно е дека ќе дојде до конечно решавање на статусот на Косово. Иако повеќето од нас наслутуваме во кој правец се движат работите, сепак што и да се случи, ние мораме како држава да бидеме подготвени таа криза што може да настане да не се прелее во РМ. Ако во наредните месеци и година оставиме терористички групи да контролираат делови од нашата територија, бидете сигурни дека кризата од Косово ќе се префрли во Македонија. Затоа што е можно побрзо треба да се елиминираат овие групи, да се воспостави ред и поредок на целата територија да се спроведува правото на таа територија вклучително и наплаќање на даноци. Да се разоружаат овие групи, да се разоружа целото население кое што непотребно носи оружје и да дојде до моменти кога економијата сериозно ќе почне да закрепнува, а не да чекаме да завршиме со безбедносната ситуација. па да започнеме со решавање на крупни економски проблеми.

И на крајот би спомнал и би го поставил уште еднаш јавно прашањето, зошто ДУИ не го потпишува Рамковниот договор? Тоа е прашање на кое што еве една година откако се тие во власта, неможеме да си одговориме. Колку и да тие декларативно кажуваат дека го прифаќаат, поединци од нивната партија. Може да дојде време кога ќе се смени нивното раководство и ќе кажат: па ние не сме го потпишале тој договор.Зошто ДУИ ако е искрена во своите намери не го потпише тој

рамковен договор кога сега има 70% поддршка од албанското население, барем на последните избори, во меѓувреме нештата се менуваат, но на последните избори таков беше резултатот.

Почитувни дами и господа, ВМРО-ДПМНЕ за оваа седниц подготви заклучоци кои што во натамошните дискусии ќе бидат презентирани пред Парламентот. Се надевам дека Парламентот, односно сите ние овде пратеници ќе најдеме сили да ги поддржиме тие заклучоци, затоа што се позитивни, затоа што со тие заклучоци на некој начин сакаме да испратиме јасен сигнал до Владата, поцврсто, побрзо и на подобар начин да ги реши овие проблеми, дали тоа ќе биде со ваква акција, ли со онаква акција, тоа ќе оставиме на експертеите во безбедносните министерства, дали ќе употребат вакво оружје или онакво, хелихоптери или авиони, или незнам што, тоа е нивна работа. Ние не им наметнуваме  каков тип на акција ќе одберат. Можеме да ги слушаме коментарите од експертите, да дискутираме за тие коментари, меѓутоа, кога се бира акција, тие сами ќе си ја одберат акцијата. Никој не им бара ниту атомска бомба, ниту ништо. Знаеме дека се работи за елиминација на одредени групации за кои што експертите велат дека имаат специјални методи. Тие тоа треба да го применат бидејќи граѓаните за тоа ги плаќаат и граѓаните сакаат мир и безбедност, а не полемики во Парламентот, а не дискусии и напади помеѓу политичките партии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Процедурално, Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, дозволете ми од името на Пратеничката група да побарам 15 минути пауза, заради дополнителни консултации.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само да заврши репликата што обично го практикуваме и ќе дадам пауза. Меѓутоа има една реплика на излагањето и тоа го практикуваме.

За реплика се јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Се надевам дека после еден друг тип на дискусија што го чувме сега за разлика од претходните дискусии, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе се реши некако да конвергираме денеска кон завршување на седницата. Иако би сакал да прокоментирам три работи, а тоа е дека, мислам дека безбедносната ситуација не е работа ниту на ВМРО-ДПМНЕ, ниту на СДСМ и да ги оставиме професионалците кои се во безбедносните сили во МВР и во МО да си ја бркаат работата, да не им сугерираме ние нешто, ниту да оценуваме, ниту да даваме оценки од говорница за каков тип на интервенција се работело. Мислам дека тоа јас би го сватил да сум припадник на тие единици, како навреда, бидејќи веруваме во нив и ако сакаме да веруваме во институциите на системот да ги оставиме тие професионалци да си ја бркаат работата, да не се мешаме ние политичарите, посебно не овде од говорница.

Второ, луѓето плаќаат даноци за да бидат безбедни, со тоа се сложувам. Но, луѓето исто плаќаат даноци и некој тие даноци да не им ги злоупотребува и да не си ги полни приватните џебови.

Трето, можеби ДУИ година дена, незнам во која форма мислите да го потпише договорот. Но, знам партии кои го потпишале договорот, ама не го почитуваат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Обвјавувам пауза до 12,50 часот.

(Пауза од 12,30 до 13,00 часот)

VIII/1.- ЛП/МЛ

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да продолжиме со работа.

Нареден говорник е г.Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Кога се зборува за безбедносната ситуација во Република Македонија неопходно е да се имаат предвид неколку аспекти.

Прво, политичката логика при формирањето на Владата на СДСМ со политичките претставници на поранешната ОНА, која се засноваше, а така беше презентирано и пред јавноста, на влијанието кое го има ОНА на теренот и на тој начин со преземање на одговорноста за остварување на функциите на државата во овие региони, преку учество на ДУИ во Владата, да се стабилизира кризната ситуација и да се овозможи враќање на раселените лица во своите домови, собирање на даноците, наплата на електричната енергија, остварување на образовните, инфраструктурните и останатите потреби за нормален живот на сите граѓани од овие региони. Впрочем и склучувањето на Рамковниот договор и уставните измени кои се направија потоа, донесувањето на Законот за локална самоуправа, со која се овозможува децентрализација на власта и сите други прописи кои се изгласаа со аргументација за реализација на Рамковниот договор и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои претставуваат мацинство, беа со цел нормализација на живеењето во овие региони на сите граѓани, независно од нивната етничка припадност. Нормализација на живеењето, со создавање услови за сигурен живот, заштитен дом, надминување на проблемите со криминалот. Ветувањето до граѓаните на Република Македонија беше дека ДУИ ќе го обезбеди тоа.

Заради овие причини, како што беше јавно презентирано, СДСМ влезе во коалиција со Партијата на Ахмети, командантите на ОНА станаа заменици министри, директори на јавни претпријатија, владини службеници. Се легализира можноста со неполитички средства, со насилство, со оружје да се дојде на власт. Се наруши моралната сила на сите оние кои го бранеа уставно-правниот поредок и се доведе во прашање целта на саможртвата на многу македонски бранители. Се создаде мотив на сите оние кои со сила, на недемократски начин сакаат да го менуваат Уставот и да го нарушуваат територијалниот интегритет и суверенитет на државата. Се амнестираа сите оние кои ја предизвикаа кризата,  кои пукаа на оние кои го бранеа Уставот, унитарниот карактер на државата, на нејзиниот суверенитет. А безбедноста, мирот, сеуште го нема.

Правниот систем во овие подрачја не функционира. Мешаните полициски патроли во овие подрачја претставуваат само фолклорен елемент. Дење рекреативно се шетаат и не преземаат ништо за надминување на атмосферата на страв и несигурност, а ноќе ги нема никаде. Власта не се наоѓа во рацете на органите на државната власт, туку кај неформални водачи, господари на криминалот и на животот и на смртта во овие подрачја. За нив не постојат гранични бариери, за нив не важат закони, за нив е дозволено се.

Основното прашање кое си го поставува секој македонски граѓанин е зошто органите на државната власт, особено МВР, не го воспоставува суверенитетот на Република Македонија и во овие подрачја. Дали не смее, дали не знае како или не сака да го стори тоа од некои причини? Дали правата кои ги даваат законите на Република Макеоднија важат за албанците, а обврските треба да бидат единствено на товар на македонците и другите етнички заедници. Воспоставувањето на уставно-правниот поредок, доколку не биде овозможено со други средства, мора да се воспостави со методите и мерките кои стојат на располагање на секоја држава, а тие се: брзо и ефикасно справување со сите кои не го почитуваат Уставот и законите на Република акедонија. Впрочем, во сите изјави и на владините и на меѓународните претставници се истакнува дека сите нарушувања на безбедноста на државата, спречувањето на припадниците на МВР да го воспостават правниот поредок во овие региони го вршат криминалци и криминални структури. Која е логиката Владата на суверена држава преку своите коалициони партнери во истата таа Влада, ДУИ, да преговара со криминалци? За какво почитување на законите на државата може да се зборува кога се даваат рокови за апсење, се даваат наредби на заменици министри, заменици началници во МВР, а тие наредби не се реализираат? Но тоа не е чудно ако се има предвид дека тие заменици министри до вчера беа во планините заедно со сите оние кои сега се криминалци, а тогаш беа борци за човекови права. Дел од ОНА ги оствари целите и влезе во власта, а еден нејзин дел остана со кратки ракави. Тоа

се сегашните криминалци, а поранешните терористи или борци за човекови права, зависно кој како ги третира.

А, поранешната интернет организација АНА, чии пет,шест хакери како што ги нарече министерот за внатрешни работи, сместени во планините во липковскиот регион, одеднаш почнаа да се трансформираат во криминални групи и станаа криминалци со политичка маска. Каде е Владата да се справи со првичните информатичари, а сегашните криминални групи кои меѓусебно беа неповрзани и не претставуваа опасност за стабилноста на државата. А премиерот Црвенковски во своето интервју изјави дека прво ќе ја стабилизира безбедносната ситуација, а потоа ќе ја зажиува економијата.

Со ваквото средување на безбедноста на државата се сомневам дека некогаш економијата ќе дојде на ред. Ако вака се справува со самонаречените команданти од типот на Чакала, за кого цела Македонија знаеше каде е и си муабетеше по телефон со него, Бреза или политичките комесари од типот на командант Ликова, тогаш како ќе се справи со економската пустош, со сиромаштијата која постојано расте, со невработеноста која само се зголемува.

Овде би сакал да го прашам министерот за внатрешни работи. Имено, зошто спрема командантот Чакала, самонаречениот, сеуште МВР нема побарано изрекување на мерка притвор? Зарем киднапирањето на полицаец и сите негови изјави не се доволна причина за МВР да побара одредување на мерката притвор, или тоа важи само за политичките противници. Ако на МВР му е потребна цела година за утврдување дека хакерите се во планините, уште колку време ќе му треба да ја обезбеди сувереноста и територијалниот интегритет во целина. Уште колку време ќе треба да помине за враќање на бегалците од кризните региони за нормализација на животот? А кога ќе дојде потоа ред на економските прашања? Кога ќе дојдат директните странски инвестиции, кога ќе почнат да се вработуваат луѓето, кога ќе се вработи по еден член од секое семејство. Енергичноста во справувањето со виртуелната АНА претставува Сине ква нон за функционирање на државните органи

на цела територија на Република Макеоднија. Во спротивно, искрата може да пламне и националната безличност на политиката на СДСМ да не одведе сите нас во амбис од кој нема враќање.

Апелирам до сите оние кои ја носат одговорноста на власта да работат во правец на создавање на суверена македонска држава со демократски вредности. Да не дозволат Македонија да се претвори во организирана територија која со својата безличност ќе не однесе сите нас во безизлез.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Значи не реплицирам, само бидејќи ме праша пратеникот зошто за Чакала не е одреден притвор, сакам да одговорам. Поднесена е кривична пријава и надвор од другите кривични пријави што ги има и истражниот судија одреди мерка притвор од 30 дена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Господине претседателе, дами и господа, почитувани министри,

Прашањето на безбедноста на секоја држава на Балканот претставува чувствително прашање, меѓутоа, едновремено  е комплексно, кон кое треба да се пристапи на повеќедимензионален начин. Зошто го велам ова? Ова го велам од проста причина што посебно можеби звучат идилично и прекрасно зборовите кои ги слушаме од страна на власта, кога тие велат дека ги решаваат проблемите преку дијалог, преговори и разговори, меѓутоа, за жал, говорат Брест, Сопот и сите други

места, каде што за жал беше инволвирано и тешкото вооружување и војската, беа ангажирани бројни безбедносни сили за еден речиси фронтален начин. При оваа акција загинаа и луѓе, беа приведувани и малтретирани и луѓе албанци. Тоа е лошо. Овде се работи за мултиетничко општество и затоа пристапот треба да биде поинаков.

Исто така, за мене е неразбирливо што пратениците, посебно пратениците од власта преку политичкиот вокабулар или да кажам едноставно со една вокација која не влијае врз решавањето на проблемите кои се значајни за меѓуетничките односи во Македонија, а да не говориме за оние развојни, економски, кои несомнено имаат негативно влијание врз безбедносната ситуација.

Многу малку слушаме за тоа кои се причините за кризата, причините за нивото на безбедносната ситуација во земјата или пак причините кои ја влошуваат. За жал, политичката елоквентност никому не му служи тука, ниту пак на власта, затоа што токму таа е одговорна, во прв ред, за безбедноста и стабилноста. Обвинувањата против опозицијата личат на старата поговорка дека нападот е најдобра одбрана. Меѓутоа, народот има и една друга поговорка дека лебот не се пече со приказни, дека треба да се наложи оганот, да се испече и тн.

По мое мислење, каде се причините за кризата, односно кои се причините за лошата ситуација, лошите односи, посебно меѓуетничките односи. Во прв ред, мислам деа сега на најасен начин излегува концептот на изградбата на една држава врз едноетничка основа. За жал, ова не е нешто ново на овие простори на поранешна Југославија. Меѓутоа, во Македонија почна да функционира меѓуетничкото општество во изминатите четири години,  дури во некои сегменти таа почна јасно да ветува нешто и изгледаше дека овие процеси во иднина ќе се развиваат многу посигурно во насока на тоа што се нарекува општа стабилизација на државата.

Каде се заблежува недостатокот на ова? Кога беше конституирана Владата, иако албанскиот партнер инсистираше главните односно најважните министерства, како што е МВР, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи,

па дури и позицијата претседател на Парламент, една од нив да му припадне на тој коалиционен партнер, за жал ниту едно од тие места не го добија. Сега кога ќе земеме предвид дека претседателот на егзекутивната власт односно на судската власт, претседателот на законодавната власт, сите припаѓаат на македонската заедница, тогаш ова се основните функции кои ја карактеризираат оваа држава, тука евидентна е недовербата кон албанците.

Втората причина, која мислам може да претставува причина за тензиите, тоа е Охридскиот договор. Охридскиот договор почна да се мистифицира, дури да се банализира, да се релативизира и секој од свој агол да го толкува и имплементира. Каде се гледа тоа? Владата е таа која има принципиелна обврска да го примени, а не опозицијата. Ние го донесовме така како што го донесовме. Јас случајно тогаш бев член на Владата која вие ја заменивте, значи ние бевме тие што доведовме до негово потпишување. Доколку ние не бевме за негова имплементација, немаше воопшто да го потпишеме. Така, паѓаат во вода сите тие забелешки кои велат дека оние кои го потпишале договорот не се за негова имплементација. Најпрво се прави обид одредени сегменти од Рамковниот договор да се заменат со сегменти од одредени други нови договори меѓу владините партнери. Тоа би било добро доколку се прави од афирмативен аспект за тој да се подобри, меѓутоа, за жал тоа се прави од негативен аспект и со него се нарушува еднаквоста која би требало да се постигне преку Рамковниот договор.

Вториот елемент кој е забележан во оваа област е отстранувањето од духот на договорот, со тоа што законите кои се усвојуваат не се во согласност со духот на Рамковниот договор. На пример, Законот за патните исправи.

Трето, имаме опструкции, посебно во областа на локалната демократија. Нема закон за финансирање на локалната самоуправа, а да не говориме за измената на една серија закони кои ги регулираат другите области на општествениот живот кои би требало да бидат под адлежност на локалната самоуправа. Практично доаѓаме до ситуација кога за жал новата Влада, и старата - тука мислам на СДСМ - го претвора

Охридскиот договор во еден документ кој за жал не би сакал да ја изразам таа споредба, значи личи на еден документ од поранешниот извршен комитет. Што служат само како алиби за различни активности, посебно кога се работеше за албанците. Тоа не може да се направи со овој документ. СДСМ не ги зема предвид... тоа не може да се случи затоа што тука има и други потписници, меѓу кои и меѓународниот фактор, а главниот реализатор на тој договор, односно тој што треба да го имплементира е Владата и затоа главната одговорност е врз нив. Има два елементи кои го отежнуваат Рамковниот договор и неговото имплементирање, а тоа е албанскиот јазик и интеграцијата на албанците во системот. За жал, со албанскиот јазик, со употребата на албанскиот јазик стигнавме до таму што ние како пратеници го имаме тоа право да говориме на албански јазик. Тоа е еден успех, меѓутоа во другите сегменти, посебно во комуникацијата на граѓаните со јавната администрација во таа област, ништо не е направено.

IX/1.- SS/OM

XEVDET NASUFI: (Prodol`enie)

Malku }e se navratam i na Brest i na Sopot, zatoa {to Breza ima direkno vlijanie vrz situacijata.

Vistina e deka na~inot na organizirawe, na~inot na sproveduvawe ne li~i za edna demokratska dr`ava {to na eden poinakov na~in treba da gi re{ava problemite {to se javuvaat i posebno vo vakvite oblasti {to se dosta ~uvstvitelni, zatoa {to tuka se raboti za sostav na organi kade prete`no se makedonci i so niv se napa|aat albanski sela. Tezata deka kriminalcite treba da se privedat, da se zatvorat se sudira so Ustavot, zatoa {to to~no se znae koj go goni kriminalecot, se znae to~no kako toj treba da se fati, se znae koj treba da go sudi i koj treba da ja izvr{i presudata. Tamu se ubieni dvajca gra|ani od toa naselenie tamu, odnosno toa se dvajca tinejxeti, maloletni i za koi vlasta ima obvrska da im pomogne i da gi stavi na prav pat, dokolku smeta deka nekoj manipulira so niv. Zatoa vo ovoj slu~aj nema opravduvawe za takvoto deluvawe. No, izgleda deka porakite se poinakvi. Porakite glasat deka treba da se discipliniraat albancite.

Ova osobeno go potvrduva faktot deka albanskiot partner ne bil informiran ili pak ne u~estvuval vo izgotvuvaweto na ovaa akcija. Bidejki ne slu~ajno naredbata na g-dinot minister za vnatre{ni raboti potoa tokmu naredbata albancite da gi fatat albancite, da gi fatat komandantite, kriminalcite i t.n.  Podobruvaweto {to e napraveno ne go pokriva toa {to e napraveno vo prviot slu~aj. Bidejki tuka }e se sudrime povtorno so potrebata imanentna, {to e vo Ohridskito ramkoven dogovor deka implementiraweto na albancite vo sistemot da ne bide formalno, tuku funkcionalno, esencijalno. Bidejki se napravi na takov na~in toga{ }e bidat poodgovorni albancite vo Vladata, no i albancite vo pozicijata da bidat po odgovorni, da bidat faktor {to na ramnopraven na~in }e se bori protiv inkriminalnite elementi.

Za `al, vas vi e poznato i sekoj to adobro go znae deka Makedonija na golemo se obiduva da vleze vo globalnite integracii, voeni, vo NATO i drugite asocijacii. Evidentno e deka so vakvite akcii, so vakvite dejstvija nikoj ne dal opravduvawe kako zaginale dvajcata mladi vo Brest. Toa tamu bile laninci. Duri, g-dinot Xaferi veli deka duri i po{tar ne odi tamu. Nema normalen pat da se stasa do tamu. Pre~i na imixot na Makedonija za nejzinite dejstvija, napor za integracija. Treba da napravime i vnatre{no integrira{e [to po~na, no za `al e zapreno.

Spored Ohridskito dogovor 2004 godina vo javnata administracija, sostavot na vrabotenite treba da bide vo odnos na strukturata na naselenieto. Toa ne e taka. Ova e barawe i na Me|unarodnata zaednica. Zatoa ne stoi tezata deka albancite ne baraat obvrski.

Jas samo sakam da potsetam , dokolku gi re{avame problemite preku vakvi akcii {to gi preferira{e vo svoeto vreme Slobodan Milo{evi} i negovata klika, se vide kako zavr{i Srbija vo odnos na svoite opredelbi, zatoa mislam deka nie treba da dobieme lekcija, no i site drugi, deka na{ata sredina e sosema poinakva, mnogu po pozitivna, mnogu poprilagodliva vo odnos na vakvite celi. Evropa, NATO i site, no site zaedno  mo`eme da odime tamu.

Na krajot, ne sakam da dol`am premnogu, no iskreno sakam da vi ka`am, na edno mesto kako {to e Makedonija, obidi za izleguvawe od ekonomskata siroma{tija, za nadminuvawe na fazata na tranzicija, mislam deka e lo{o i `alosno {to minsiterot za vnatre{ni raboti i  ministerot za odbrana da bidat centralni figuri n apolitikat aili pak na politi~kiot `ivot, namesto da bidat minsitri za razvoj od oblasta na ekonomijata, finansiite, zatoa {to samo po sebe kog adeluv apolicijata, vojskata, toga{ nema

prostor za demokratija. Taa se stesnuva. Se stesnuva prostorot na demokratijata za sloboda. ite nie imame potreba za prostor, tokmu demokratski prostor kade {to mo`eme da ja razvivame ekonomijata, na miren na~in da gi razvivame me|uetni~kit eharmonizirani odnosi.

Blagodaram mnogu.

NIKOLA POPOVSKI:

Blagodaram.

Ima zbor gospodin Kraqevski.

^EDOMIR KRAQEVSKI:

Po~ituvan pretsedatele, po~ituvani minsitri, kolegi pratenici,

Doa|am od gradot vo koj  na samo 50 metri vozdu{na linija od domot vo koj `iveam eksplodira pekolna ma{ina pred gimnazijata i koga samo ~udo gi spasi od sigurna smrt u~enicite koi trebaa da ja napu{tat zgradata na gimnazijata i koga za `al zagina eden slu~aen minuva~.

Doa|am od gradot vo ~ij strog centar eksplodiraa pekolni ma{ini i koga povtorno ~udo spasi ~ove~ki `ivoti, no ne i golemata materijalna {teta.

Doa|am od gradot  vo ~ija neposredna blizina, vo dva navrati be{e postavuvana nagazna pekolna ma{ina na prugata Tabanovce - Kumanovo, koga isto taka mo`e{e da ima pokraj materijalnata {teta i ~ove~ki `rtvi.

Doa|am od gradot vo ~ija neposredna blizina, poto~no kaj mesnosta Stra`a, od nagazna mina `ivotot go zagubi vojnikot po dogovor Vidan Kocevski, a be{e povreden kapetanot Dejan Stojkovski.

Doa|am od gradot vo ~ija okolina kaj mesnosta Sopot, od postavena nagazna mina zaginaa dvajca vojnici na NATO od Polskiot kontingent i dvajca civili od koi edniot na lice mesto, a drugiot po~ina pokasno od zdobienite povredi.

Doa|am od gradot vo ~ija blizina, kaj seloto Vaksince, e napadnat i ispraznet skladot so nafta na Makpetrol,  pri {to dvajca policajci etni~ki albanci bile kidnapirani im bile soble~eni uniformite, bile maltretirani i duri potoa oslobodeni.

Doa|am od gradot kade {to vo  takanare~ena - Diva naselba, komandantot ^akala grabna eden policaec i eden negov rodnina za da gi razmeni za liceto osomni~eno za postavuvawe na bomba pred kumanovskata gimnazija i vo centarot na Kumanovo.

Doa|am od gradot kade {to vo negovata okolina, vo lipkovskiot region, od strana na ANA se vr{i voena mobilizacija na lokalnoto albansko naselenie i po potreba se evakuiraat i celi sela kako {to e posledniot primer so seloto Vaksince i Lojane.

Doa|am od gradot kade vo srednite u~ili{ta ne odat zaedno u~enici makedonci i albanci ve}e dve godini i kade {to so pomo{ na Ministerstvoto za obrazovanie i nekoi drugi politi~ki faktori se napravi obid sredno{kolcite Albanci da se separiraat od sredno{kolcite pripadnici na drugite etni~ki zaednici so namera da se sozdade edna trajna getoezirana obrazovna institucija na etni~kite albanci.

Zarem na vakov na~in }e gi vospituvame mladite i zarem na vakov na~in }e go gradime me|uetni~kiot so`ivot ili pak mo`ebi na nekomu mu odgovara namesto da `iveeme edni so drugi, da `iveeme edni pokraj drugi ili u{te polo{oedni bez drugi.  Kako inaku mo`e da se razbere simulacijata na masovno truewe od nekakov nepostoe~ki fluid na u~enicite albanci vo Kumanovo.

Po~ituvani pratenici,

So prethodnive nabrojuvawa na nemilite nastani sakav samo da obrnam vnimanie na Vas i na po{irokata makedonska javnost vo kakov ambient `iveat gra|anite na grad Kumanovo i na  Op{tinata Lipkovo koja e sosedna op{tina na gradot  Kumanovo.

Po~ituvani pratenici,  }e se obidam nakratko da vi prenesam nekoi iska`uvawa i moi neposredni zabele`uvawa so koi sum se zdobil od mojata sekojdnevna komunikacija so gra|anite od gradot i okolinata i da vi go dolovam ambientot i problemite so koi sekojdnevno se  sre}avaat lu|eto od Kumanovo i okolinata.

Ako trgneme od Kumanovo po stariot pat za Skopje, najprvin }e naideme na seloto ^erkesko selo, naseleno isklu~ivo so albanska populacija, a potoa kako enklava se redat selata Qubodrag, Novo Selo i Umin Dol koi se naseleni so naselenie od makedonsko i srpsko etni~ko poteklo.  Potoa doa|a seloto Niku{tak i ponataka patot vodi kon Ara~inovo i Skopje.

Mnogu ~esta pojava vo seloto Umin Dol, vo ve~ernite i no}nite ~asovi, se pukotnici i istreli koi doa|aat kon seloto od pravec na seloto Niku{tak pri {to mnogu od kur{umite zavr{uvaat vo fasadite na

selskite ku}i. Po patot koj pominuva niz sred seloto se vozi so ogromna brzina, pri {to i pokraj prijavuvaweto do SVR - Kumanovo na vakvite pojavi takvite manifestacii na sila i zakana prodol`uvaat, a od policijata re~isi ni{to ne e prezemeno. Vaka poseaniot strav kaj mesnoto naselenie gi odvra}a da gi odvraka da gi obrabotuvaat svoite zemjodelski zemji{ta koi gravitiraat kon selata Niku{tak, Ropaqce, Gru{ino, pa duri lu|eto od nemaj kade se primorani da gi dadat nivite pod naem na lu|e od albansko etni~ko poteklo.

^esta e pojavata na patot da se puka od avtomatsko oru`je od avtomobili vo dvi`ewe koi so golema brzina se oddale~uvaat kon seloto Niku{tak. Op{to re~eno, najgolem del od nealbanskoto naselenie vo Kumanovo i okolinata se pla{i i ne go koristi stariot pat za Skopje, preku Niku{tak i Ara~inovo Toa posebno va`i za ve~ernite ~asovi poradi ~esta pojava na uniformirani lu|e so oru`je koi zapiraat vozila, kontroliraat, pretat, tepaat, zemaat pari, vozila i sli~no i toa isklu~ivo na nealbanskoto naselenie, pri {to im se zakanuvaat toa da im bide posledno pominuvawe,odnosno koristewe na toj pat.

[to se odnesuva do seloto Matej~e, vo momentot vo nego ne `ivee nitu eden gra|anin {to ne e od albansko etni~ko poteklo, nitu pak vo seloto se ima vrateno nitu eden od proteranite `iteli makedonci ili srbi. Mnogu od niv, posebno onie koi bea vo redovite na MVR kako pripadnici na rezervniot sostav za vreme na voenata kriza 2001 godina, dobivaat poraki od albancite od Matej~e, svoi dov~era{ni kom{ii a sega poznati komandanti, a i drugi novo nare~eni komandanti, da ne ni pomisluvaat da se vratat ili voop{to da dojdat vo seloto Matej~e. Policiskata stanica vo seloto Matej~e ja opslu`uvaat od dvajca do ~etvorica policajci koi rabotnoto vreme go pominuvaat zaklu~eni vo zgradata na stanicata ~ekaj}i da im dojde smena. Srednovekovniot manastir vo seloto Matej~e go obezbeduaat 3-4 policajci od me{an etni~ki sostav {to ne pretstavuva nikakvo seriozno obezbeduvawe od aspekt na zna~eweto na manastirot i ambientot vo koj se nao|a istiot.

Me{ovitite patroli na policijata vo Lipkovskiot kraj, kako i celokupniot sostav na policiskata stanica vo seloto Matej~e voop{to ne deluvaat za ona za {to se formirani i {to im e osnovna zada~a - za zapazuvawe na redot i mirot odnosno spre~uvawe na kriminalot.

Op{to poznato e deka {umskite drva vo ovoj kraj nemilosrdno se se~at i so kamioni se nosat glavno vo Ara~inovo, a potoa i vo Kumanovo. Eden metar kuben drva za ogrev, se razbira od ovie, vo

selata Opaje i Lopate se prodavaat za 15 evra, dodeka cenata na ogrevnoto drvo na pazarot vo Kumanovo e 30 evra.

Me{ovitite policiski patroli voop{to ne se anga`iraat vo spre~uvawe na kriminal, odnosno na kra`bi i drugi vidovi na kriminal nitu pak se anga`iraat vo otkrivaweto na storitelite na takvite kriminalni dejanija. [vercot od Kosovo vo Republika Makedonija so cigari, prehrambeni artikli, droga, oru`je i drugi akcizni stoki nepre~eno se odviva so povremeni mali zastoi za koe ne{to svedo~at pazarite vo Kumanovo, Skopje i drugi mesta vo Makedonija.

Od ovoj region ima mnogu lica koi se baraat po sudski naredbi za istraga vo krivi~ni dela, kako glavno osomni~eni ili da le`at zatvor za storeni krivi~ni dela za koi sudskata postapka e zavr{ena, a koi dela se razbira ne se opfateni so Zakonot za amnestija. Tie lica se nedostapni za policijata, iako istite ~esto doa|aat vo gradot Kumanovo, gi obavuvaat svoite raboti, videni se vo razni ugostitelski objekti i sli~no. Me{ovitata policija voop{to ni{to nema prezemeno po site ovie pra{awa i istata kako da postoi sama za sebe bez funkcija i cel.

Ako gra|anin od nealbansko etni~ko poteklo treba da odi vo Lipkovskiot kraj po nekoja neophodna rabota, toj prvo mora da si obezbedi garancija od nekoj `itel albanec od ovoj kraj, da odi zaedno so nego, da ja zavr{i rabotata i so nego da se vrati nazad. Vakvata "privilegija" ne va`i za pripadnicite na edinicite koi bea vo toj region za vrame na krizata 2001 godina. Tuka posebno bi gi izdvoil pripadnicite od rezervniot sostav na policijata, bidej}i na niv nikoj ne im garantira bezbednost ako po bilo koj slu~aj se najdat vo ova podra~je.

Pripadnicite na ANA koi gi ima vo celiot region, stacionirani na pove}e mesta vo pomali grupi, no koi se vo permanenten me|useben kontakt, taka da mo`at edni na drugi da dojdat na pomo{, a vo daden moment duri i vo regionot mo`e da se mobiliziraat so visokosofisticirano oru`je nad iljada lu|e, bi rekol. Me|u pripadnicite na ANA ima golem broj {to doa|aat od Kosovo. Inaku, koga vo regionot doa|aat pretstavnicite na me|unarodnite organizacii kako {to se OBSE, Evropskata unija, NATO, pripadnicite na ANA se transformirani vo mirni i napateni selani koi samo se ma~at i bedno `iveat, a {tom }e se spu{ti no}ta istite se transformiraat vo pripadnici na ANA, so pu{ki bilo vo uniforma ili vo civilna obleka i toga{ zapo~nuva {vercot so se {to mo`e da se {vercuva, bidej}i vo no}nite ~asovi policijata na Republika Makedonija voop{to i nikade ja nema.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ: (Продолжение)

Во градот Куманово живеат голем број припадници на бившата ОНА, од кои поголем број од нив сега се припадници на АНА. Градот е поделен на неколку зони, со посебни команди, посебни магацини со оружје, но сите се под една команда за целиот град.

Основна цел на сите припадници на АНА е завземање на територии, така што ако дојде до за нив очекуваниот момент на поделба на државата, да се има подобра стартна позиција во евентуално такви преговори.

Регионот на Липково, припадниците на АНА го сметаат за своја територија и според нив полицијата на Република Македонија таму нема што да бара, па било од каков мешан етнички состав таа да е. Оттука доаѓа и недовербата на населението од тој крај во полицијата на Република Македонија и целосно игнорирање и несоработка со истата.

Od celokupnata situacija se nayiraat strate{kite celi odnosno streme`i na ANA, a toa e na sekakov na~in da se dominira, kontrolira, odnosno zavladee teritorijata na potezot na selata Niku{tak - Gru{ino - Romanovce, del od gradot Kumanovo naselen prete`no so albansko naselenie i mestata Kosturnik - Voinovi} - Sopot, na koj na~in }e bide otse~en regionot od gradnicata na Srbija i Crna Gora, odnosno imame prese~uvawe na avtopatot i `elezni~kata pruga od granicata so Srbija pa se do Agino Selo kon Skopje.

Taka `ivee po~ituvani kolegi naselenieto vo Kumanovo i se pra{uva koj e dol`en da im obezbedi mir i spokojstvo. Se razbira, odgovorot e dr`avata Republika Makedonija, odnosno instituciite na sistemot koi sega pod vlasta na aktuelnata koalicija DUI - SDSM, {to jas bi ja narekol od aspekt na nivnoto aktivno, odnosno pasivno u~estvo za vreme na krizata 2001 godina, koalicija ekstremno militantna i dezerterska.

Se pra{uvaat, dali gra|anite na Republika Makedonija imaat dva ili tri `ivoti mo`ebi. Pa celi generacii }e `rtvuvaat eden od svoite `ivoti, za da bidat strplivi i vo odnos na kriminoteroristi~kite bandi da evoluiraat vo svojata svest i vo odnos, se pra{uvaat isto taka i vo odnos na vlasta, da se

nadgradi vo sposobnosta i so poln kapacitet da gi vr{i svoite nadle`nosti na cela teritorija na Republika Makedonija.

Пред две-три недели имаше во колумна во Утрински весник, во која што беше извршена најгруба злоупотреба. Беше цитиран извештајот на Амнести-интернешенл кој се однесува до период октомври 2002 година, а знаете која влада беше тогаш, кој министер и тн, во која се посочува дека наводно тука се констатира злоупотреба на овластувањето на Министерството за внатрешни работи, приказните околу притоворот и тн. Меѓутоа, прво некој кога ќе седне да пишува колумна, а и вие кога ќе почнете да цитирате извештаи на Амнести-интернешнл треба да видите на кој датуми се однесува, затоа што кога ќе видите до октомври 2002 година, тогаш погледајте го списокот на Собранието, која Влада била, кои министри биле па тогаш кажувајте кој каква злоупотреба направил. Сега поднесете ми еден извештај на НАТО, на ОБСЕ на други во кои што ќе се констатира дека има злоупотреба на полицијата на Република Македонија и за кого не се преземени мерки. Јас не се занесувам дека оддеднаш сега 100% сите полицајци се најчистите полицајци на светот што постојат, меѓутоа за секое дело што ќе го направат има да одговараат согласно законот и правилникот. Најдете ми случај каде што тоа е направено а не се преземени соодветни дисциплински мерки или кривични пријави. За овој случај, за кој што зборуваме, за Брест и за тројцата луѓе истата вечер во Министерството за внатрешни работи е примена кривична пријава од самите луѓе кои што ги споменуваат.

ХАРИ КОСТОВ: (продллжение)

Јас не знам, единствено доколку желбите не се дека по секоја цена ние мора да утврдиме дека Министерството за внатрешни работи е виновно дека определени полицајци кои биле во определена акција е виновна, тогаш не знам како да најдеме начин, освен вас да ве ставиме претседател на некоја комисија и ваш избор на луѓе, околу некоја комисија која ќе утврди какво било однесувањето на полицијата во определени случаи.

Прво, да не заборавиме, затоа што многу често ги мешаме принципите, причините, последиците и тн. Сега одеднаш се поставува прашањето дека полицијата наводно пречекорила околу својата акција во Сопот. Меѓутоа, забораваме да кажеме што барала полицијата во Сопот тој ден. Сигурно и на полицијата не и дошло до тоа да отиде таму да бере јагоди или во лов на птици и тн., туку активностите на полицијата во Сопот беа предизвикани од поставена нагазна мина, во која експлодира возило на НАТО, каде што загинаа двајца војници на НАТО и понатаму загина цивилно население. А, да не го заборавиме Рамковниот договор. Многу се збори за Рамковниот договор, меѓутоа, навистина ќе треба и Собранието и Владата да направи една анализа, затоа што мислам дека многу малку го имаме прочитано Рамковниот договор и се се задржуваме на некои општи декларации дали тој се применува или не се применува. Како на пример, еве погледајте го случајот со употребата на јазиците. Сега, утрово, за мене, да не кажам смешна ситуација. Еве, албанскиот јазик не се применува согласно Рамковниот договор, а вие господине Матоши, како и сите други на оваа говорница зборување на албански јазик. И, да погледнеме што пишува во Рамковниот договор. Значи, на седниците на Собранието и во матичните комисии албанците пратеници имаат право да се обратат на албански јазик. Во Уставот, исто така е регулирано како втор службен јазик во рамките на Законот над 20%, меѓутоа во рамките на законот што е утврдено. А, не дека некој друг, дали сега не се штампа службениот весник, тоа содржи Рамковниот договор.

Дали службениот весник не се штампа на албански јазик. Дали третиот канал на МТВ не ги пренесува овие дискусии на Собранието на албански јазик. Дали личните документи не се штампаат на албански јазик, помеѓу другото. Тоа е друга работа вас дали ви се допаѓа или не ви се допаѓа Рамковниот договор. Друго е дали вие го толкувате дека треба да биде вака или така. Меѓутоа, за тоа треба анализа и да се види што е напишано во Рамковниот договор и што е спроведено. Многу често од Рамковниот договор, сме се научиле, ќе ја извадиме десеттата страна и ќе видиме, е овде требаше да има илјада полицајци вработени во МВР, 600 во армијата и дали е тоа остварено. Тоа е остварено. Меѓутоа, кога се зема една книга да се чита, таа книга се чита од почетокот. А, кога ќе го земете Рамковниот договор да го читате од почетокот, постојат основни принципи и на основните принципи под еден се зборува, дека се отфрла употребата на насилство и оружје за остварување на политички цели. Дека не може со насилни методи да се остваруваат политички цели.

Вториот принцип зборува дека за унитарниот карактер на Република Македонија, за неповредивост на границите и дека нема решение, нема територијални решенија за етничките прашања.

Во третиот принцип стои дека мултиетничкиот карактер на оваа држава мора да се задржи. И, тука не вредат прикаските дека овој не бил задоволен, затоа што наводно не бил амнестиран, па за тоа сега повторно ќе земам оружје во рака, со што ги крши основните принципи на Рамковниот договор.

Толку фамозната амнестија и да не мешаме од сите и од надвор добивте, од сите меѓународни институции и на вчерашниот ден добивме јасна порака, амнестијата во 99% е завршена. Јас, има повеќе од еден месец, на различни состаноци ги кажувам и примерите како тоа мора да се заврши. Факт е дека на тој случај денес го имате сеуште на тој список министерот за здравство. Меѓутоа, факт е и дека тоа мора да заврши во определена постапка. Нема некој да му даде решение. Не можам јас да дадам решение дека е тој амнестиран. Не може судот да даде решение дека е тој

амнестиран, ако тој не се појави пред самиот суд или пред истражниот орган или пред обвинителот да ја заврши постапката. Тоа подразбира да се даде и изјава и тн.

Иако, не е работа на Министерството за внатрешни работи, во изминатиот месец, имавме четири случаи каде ние ги баравме луѓето, односно луето кои беа на гранични премини задржани, ние ги однесовме до обвинител, до истражниот судија, за да ја заврши постапката  пред него само за 10 минути. И во Министерството за внатрешни работи е  формирана работна група предводена од државниот секретар од пет души, иако тоа веќе не е наша работа. Тоа е работа на обвинителствата, на судовите и тн. Значи, секој поединечно на тој список од 29 што сеуште се со недовршени постапки да го контактира, да го најде и да го донесе пред онаа институција пред која што треба формално правно да си ја заврши постапката. Но, тука да не ги мешаме воопшто оние настани и оние кривични дела кои што се после септември  2001 година и кои што не се опфатени со Законот за амнестија. Никој Бреза не го бара, затоа што наводно учествувал во конфликтот. Не, затоа што киднапирал, затоа што поставувал бомба и тн. Според тоа, причината за интервенцијата на полицијата во Сопот односно за претресите беа токму заради тоа што ние имавме основани сомневања дека таму се сторителите и доказен материјал околу бомбата која беше поставена под возилото на НАТО. Тука не спориме дека единствено нешто што можеби сме погрешиле беше што тој претрес не беше направен со мултиетничка единица на полицијата. Меѓутоа, беше направена комисија во  која што од седум души тројца беа албанци, значи не 20%, тројца беа полицајци македонци и имаше претставник на ОБСЕ, како официјален член на таа работна комисија и таа утврди што утврди. Ги утврди овие работи како некоја забелешка која што може да биде, но никаде дека полицијата пречекорила во своите овластувања. Сега, единствено, доколку не треба да ви излезе по ваш ќеф, па да кажеме еве нека биде по ќеф тогаш направила полицијата грешка, меѓутоа тоа  не е начин. Ако немате доверба во тројцата албанци кои беа таму, ако немате доверба во ОБСЕ, тогаш е друга работа. Ако немате доверба исто и за акцијата во Брест, за која што ви кажав

зошто полицијата отиде и во која што сите извештаи, сега да не ги читам, почнувајќи од ОБСЕ, од НАТО, од адмирал Џонсон, од Робертсон, од Солана и тн. зборуваат за јасно фокусирана акција на полицијата кон определени лица, а не кон локалното население и во која што не се утврдени никакви други оштетувања, тогаш немате проблем само со мене, односно со Министерството за внатрешни работи, имате проблем и со сите оние од Меѓународната заедница кои тоа го гледаат, ама изгледа само некој што не сака да го гледа, тоа не може да го види.

Значи, бројката од 1700 можете слободно да дојдете во Министерството за внатрешни работи, сето тоа се прави со евиденција во книгите на Министерството за внатрешни работи, ќе видите дека ниту 1700 полицајци отишле, ниту толку се вратиле. Отидоа со букви, со бројки 150 души.

Владата не употребува сила, меѓутоа Владата Ќе ги брка оние кои што имаат нелегално оружје, оние кои извршуваат кривични дела. Затоа што, беше па дури и од овој план што сега се применува, сеуште стои опцијата за овие луѓе за кои има потерници од судовите, има потерници од обвинителите, за кои е одредена мерка притвор. Доброволно да се предадат, знам дека некој околу тоа ќе се смее, кој е тој што доброволно ќе се предаде и тн. Рековме дека не мора ниту на МВР да се предаде, може и пред претставници на ОБСЕ, на НАТО, на Европска Унија и тн., со тоа што ние гарантираме дека ќе има фер судска постапка. И, ако доказите околу тоа не се доволни, тогаш се знае дека човекот ќе биде ослободен, меѓутоа ако се доволни доказите, тогаш ќе биде осуден на соодветна затворска казна. Затворските казни се издржуваат во затвор. Името на затворот е Казнено поправен дом, казнено поправна установа. Според тоа, за некои луѓе кои извршиле вакви кривични дела и кои ги бараме и затворската казна е ресоцијализација, затоа што во спротивно тогаш доаѓа во вакви случаи, во кои што можеби две вакви млади деца од 18 години кога полицијата ќе биде принудена да ги приведува, може и да загинат.

ХАРИ КОСТОВ: (Продолжение)

Дали е тоа факт дека е тоа законското право? Дали ние не ги губиме децата а тие деца фактички ќе треба да не носат во тоа членство на Европската унија. Јас не верувам дека некој од нас, иако не сме можеби и постари овде, меѓутоа ако вака продолжиме ниту еден да го доживее тој ден кога ќе имаме европски пасош кај нас.

Меѓутоа, она што е лошото дека онаа нетрпеливост една тензија за која што зборуваме дека треба да се реши, токму напротив ни се префрлува кај децата. Во Битола вчера и Скопје денеска немате само средношколци имате деца од осмо одделение, имате деца од претшколска возраст кои излегуваат на улица. Тешко е да верувате ако и кај тие деца кај кои всадуваме таква нетрпеливост, таква спротивност помеѓу Македонци и Албанци немојте да очекувате било какви исполнувања на услови за членство во Европската унија. И тука, Министерството за внатрешни работи околу тоа делче ништо не може да направи. Министерството за внатрешни работи е повеќе респресивен инструмент. Ние имавме и такви случаи и лани есента и пролетва кога имавме тепачки на меѓунационална основа во автобуси, на автобуски станици и тн. И како успеавме да ги спречиме? Ставивме полицајци во цивилки во секој автобус од овие, да не речам критични релации, ставивме цивилни возила, цивилни полициски возила да ги следат автобусите, вршевме претреси по училишта каде што беа проблематични деца и тн. Меѓутоа, сето тоа се репресивни мерки. Тоа нема да ни реши се додека ние и како домашно воспитување, секако и како средно и основно и како образовен систем воопшто не ги воспоставиме стандардите додека не почнеме заеднички да живееме и заеднички да го поттикнуваме тоа живеење.

Многу полесно е да се растури. Тешко е да се направи.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Бучковски се направи како нареден дискутант за дебата.

(За збор се јавуваат дискутанти за реплика и процедурално)

Ве молам, навистина по неколку пати замолувам, јас еден збор да изустам, веднаш од таму приговарате нешто. (Се обраќа кон пратениците на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ)

Господине Трендафилов, немојте да зборувате пред да ви дадам збор. Што друго да ви кажам.

На дискусијата на господинот Матоши имаше реплика господинот Шаќири.

(Пратеникот Матоши се јавува за реплика)

И вие ќе добиете збор.

Прво, со вашата дискусија да ги завршиме репликите, па после реплики со дискусијата на господинот Хари Костов, а пред тоа ќе добие збор господинот Трендафилов.

Ова што заостана е господинот Шаќири, реплика на господинот Матоши.

(Министерот Бучковски бара збор)

После ќе добиете збор, репликите мора да ги поминеме на претходниот говор. Не давам збор за дискусија, вам ќе ви дадам збор како нареден говорник.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Ќе му се обратам директно на Ружди Матоши.

Ружди Матоши, некого да обвиниш за нечиј слуга, треба да се има многу факти. Ќе го кажам едниот.

Знам, од целото искуство, од она што го кажува историјата, слугите се плаќаат. Тие се плаќаат со пари. Доколку имаш факти дека некој некого платил, тогаш со име и презиме, повели. Меѓутоа, да даваш една ваква квалификација, мислам дека не е во ред. Јас ќе те потсетам, во 2001 година, на 25 мај, жителите на Слупчане го напуштија целосно Слупчане. Тие се малтретираат, се затвораат и жени и деца. Меѓутоа, тогаш никој од нас не рече дека е некој нечиј слуга.

Под два, на 28 мај, жителите од Матејче го напуштија целото село Матејче. Исто така во селото Умин Дол се малтретираат и тепаат и таму беше присутен и директорот на Социјалниот центар. Дури и рацете му ги горат за да констатираат дали имало оружје. Тоа сите го знаеме. Меѓутоа, никој не рече повторно дека некој е нечиј слуга. И, доколку ги земеме предвид сите овие факти кога дискутираме пред Парламентот и кога некого обвинуваме за нечиј слуга, мислам дека не е оправдано и не е во ред. Не е во ред да се обвинува за сервилност или за некое големо нарушување. Со полна одговорност ви велам дека, кога јас констатирам дека некој цели, дека јас сум нечиј слуга, тогаш јас ќе се повлечам. Ова го велам со цела одговорност. Мислам дека има и многу други.

Сега е проблемот на друго место. Сега имаме една ситуација  каква што е. Го знаеме случајот со Брест. Мојот дедо, Шаќири е од Брест. Јас исто така потекнувам од Брест. И  тоа за мене претставува многу болно искуство. Меѓутоа, треба да направиме се да не се повтори. Треба да разговараме  доколку има грешки подготвени сме да разговараме. Меѓитоа, не сме подготвени и за вакви обвинувања или квалификации што се многу тешки и многу навредливи. Имам уште многу да кажам, меѓутоа нема да кажувам само за доброто на ситуацијата, само поради фактот дека разговараме за безбедноста и да бидеме во функција на тоа што претставува заеднички интерес.

Сите знаеме дека цели два месеци зоната беше во војна. До крајот на октомври Липково беше изолирано од целиот свет без никаква комуникација. Таа земја беше опустошена. Таа беше пустина. Затоа јас го имам правото, затоа што припаѓам на таа зона.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Матоши имате реплика една минута на ова. После ќе ви дадам збор за реплика на дискусијата на господинот Костов. Сега имате една минута реплика ако имате реплика на господинот Шаќири. Ако сакате, повелете.

(Пратеникот Иљаз Халили бара збор)

Ако се работи за друго, ќе добиете после збор, господинот Трендафилов е пред вас.

РУЖДИ МАТОШИ:

Сакам уште еднаш да му напомнам на господинот Шаќири, не сакам ДУИ да има слуги, во ДУИ да има слуги во однос на СДСМ, како што имаше во случаите на Гостивар, на Бит Пазар, каде што претседатели на комисиите беа албанци и можеа да одиграат добра улога.

Исто така имаме претседатели на комисии во однос на случајот на Сопот, што се контролира од ДУИ. Не сакам тие да ја имаат улогата на слуги, бидејќи работите се многу јасни. Хелсиншкиот комитет вели дека полицијата ги има прекршено компетенциите. (Претседателот предупредува на времето со ѕвончето)

Истовремено, велам и народниот правобранител ..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви благодарам.

Има збор господинот Трендафилов процедурално.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам господине претседателе.

Изненаден сум од изјавата на господинот Костов дека полицијата гарантира фер судска постапка. До сега мислев дека тоа ..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Трендафилов јас ве исклучив, очигледно имате реплика или некакво политичко обраќање, не, тоа не е процедура. Тоа не е процедура. Навлегувате во дебата на министерот. Процедура е нешто во врска со деловникот и текот на седницата.

Господине Халими, барате збор за реплика или за дискусија.

Имате реплика на господинот Костов од три минути.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Очекував од министерот за внатрешни работи и господинот Костов да побара извинување за овие интервенции, за овие акции што неговите единици ги направија, што ги спроведоа во Сопот и Брест. Меѓутоа, тој напротив уште еднаш се обиде да даде оправдување за тие интервенции. Ние знаеме, факт е дека некој ја поставил мината под возилото на НАТО. Имаше двајца загинати. Двајца цивили кои загинаа. Се разбира дека виновниците треба да се фатат. Меѓутоа, тоа не треба да претставува преттекст, да се опколи селото и полицијата во четири часот наутро да влезе во куќите во селото Сопот, при што се тероризираа жителите на ова село. Таму имало бремени жени, имаше стари луѓе. Замислете само низа какви трауми поминале тие. Ист е случајот и во Брест.

За начинот на кој што беше интервенирано, ние реагираме. Ние не велиме дека нема криминалци. Има. Што направиле злочин и треба да излезат пред судските органи, меѓутоа не на овој начин, со воени полициски сили што влегуваат, ги опколуваат селата и влегуваат и користат оружје со разен калибар без да имаат предвид кој може да загине. Гонејќи го Бреза загинаа двајца млади луѓе. Каков криминал направиле тие? Се разбира, со цел да се оправда ова убиство, полицијата треба да најде некое образложение дека тие правеле криминални дела. Ние, суште не сме запознаени со нивното досие или криминалот што тие го извршиле. 17-годишен каков криминал можел тој да изврши? Тие биле случајно убиени. Имале униформи но

биле случајно убиени. Ние сме гледале и други случки, сме гледале како се гаѓало, и едноставно, случаен бил фактот што незагинале цивили. Ние не реагираме на тоа како полицијата и војската заедно делуваат против невиното население со преттекст како да се фатат актерите, лицата кои тие ги бараат. Тоа никаде не се случува. Нека се формираат специјални единици, нека тие издадат начин како да ги фатат тие лица, а не да интервенираат на ваков начин каде навистина целото тоа население било малтретирано и се разбира, трауматизирано.

Со ова ние не добиваме ништо, ниту како Министерството, ниту како институција. Целото тоа население го ориентираме против тие институции, против таа Влада, против оваа власт. (Претседателот предупредува на време со ѕвончето)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Костов имате реплика од една минута.

ХАРИ КОСТОВ:

Во рок од таа минута претседателе ќе се обидам да ги прочитам оние работи што очигледно претставниците од ДПА ги пропуштиле:

Роберт Сери, директор за операции на Балканот во НАТО - 9 септември 2003 година - надлежните безбедносни органи имаат комплетно право да го сузбиваат делувањето на криминалните групи ан територијата на Република Македонија. Преземените активности на Министерството за внатрешни работи со поддршка и координација на АРМ во Липковскиот регион се изведени крајно професионално.

Прес - НАТО Европската унија, ОБСЕ и Конкордија, 10 септември 2003 година - ги подржуваат напорите на Владата на Република Македонија да воспостави ред и мир на целата територија на Република Македонија. Акцијата на полицијата против вооружените групи во селото Брест ја оценуваме како успешна. Министерството за внатрешни работи во голема мерка напредува во изведувањето на

професионалната работа. Овие вооружени групи не се составени од луѓе, значи "вооружени групи" не се составени од луѓе кои се борци за слобода, туку тоа се криминалци.

Филип Солие, портпарол на Конкордија, 10 септември - општо земено еднас куќа беше оштетена, а штетите немаат врска со она што беше известено од страна на медиумите. Населението не ги подржува акциите на вооружените групи и веќе е заморено од групите што предизвикуваат небезбедност и несигурност и чии активности ги принудуваат да ги напуштат домовите. Нема причинето сериозна материјална штета во таа област, а особено не на училиштето и на џамијата во Брест.

Доста беше читањето. Само фактот дека од 150-те полицајци кои учествуваа во акцијата 15 беа полицајци албанци.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Матоши има реплика на господинот Костов.

МАТОШИ:

Не дадов факти, само факти, туку факти и од МТВ - трет канал. Тоа треба да го има предвид министерот. Дали министерот верува на народниот правобранител и на Хелсиншкиот комитет од каде многу јасно призлегоа, со изјави, дека се прекршени компетенциите во Сопот.

Што се однесува до меѓународниот фактор Гелбарт на Косово му рече на Милошевиќ да преземе мерки. Истовремено, сега ни е најсвеж примерот Бигмен му вели на министерот за внатрешни работи да преземе мерки. Но, не му вели да се испише буквата "м" на чело, да врши истрага албанците да дадат изјави под присила дека се инстаслирани мини, антитенковски мини, дека поставиле бомби. Ова е надвор од стандардите. Охридскиот договор, токму тука се проблемите господине министре. Дека не се реализира Охридскиот договор според тоа како што сме се договориле во

Охрид, туку имаме партиски договор. И токму со меѓународниот фактор постојано ја допираме оваа тема и вадиме аргументи. Тие се многу.

Немаме ниту еден пасош. Доколку сакате да појдете во Европа госпидине министре, ниту една држава од Европската унија нема два пасоши. Ова е дефектот. Имате лични карти. И државите кои биле после вас имаат поубави, полични лични карти. Дали имате видено лична карта на два јазици? Што направивте? Ресоцијализацијата, значи не настанува преку казни, ресоцијализацијата се врши преку курс, преку вработување. Со вклучување на оние кои имаат можности да изучуваат школи. На школски начин да се ресоцијализираат. Таква ресоцијализација никој нема да прифати. Нацизмот. Зарем не е ова нацистички. Вака изјавува Шефкет, полицијата со оружје ми ја испиша буквата "м" на чело и ми рече сега те познаваме дека нема да можеш да излезеш од Македонија.

Стандарди, токму ги немаме никаде овие стандарди што ги барате вие. Затоа имам уште мнгоу нешто да кажам, но времето не ми го дозволува тоа.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Веќе нема реплики.

Реплика побара господинто Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Нема да ја искористам минутата затоа што после оваа дискусија не е потребна, само сакам на господинот Матоши да му кажам - ова е Република Македонија, а не Косово од 1999 година, а Милошевиќ е во Хаг.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Трендафилов реплика на господинот Костов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Репликата се однесува на неколку искази дадени во опширното излагање на господинот Костов, министер за внатрешни работи:

Првата се однесува на тоа што го кажуваше како оценка пред се од Северноатланската алијанса, а во врска со успешноста на акцијата спроведена во Брест.

Во седиштето на Штабот на ВМРО-ДПМНЕ се наоѓа орифинален документ што верувам дека е испратен и до Министерството за внатрешни работи во која е содржана проценката на нашите безбедносни сили во Брест. Во таа проценка, таа акција е оквалификувана как несмасна, гломазна, изведена по "советски" терк и за жал била видлива некоординираност меѓу различните безбедносни структури, воено безбедносниф структури на нашите вооружени сили. Особено сакам да ги истакнам изјавите на господинот Костов во кои тој, од говорницата овде, во Собранието ни кажа дека полицијата во Република Македонија гарантира фер и судска постапка. Ние сме биле во илузија. Мислевме дека тоа било обврска на правосудните органи и особено сме изненадени од изјавата на господинот Костов дека лице кое не е амнестирано ја извршува функцијата министер за здравство во Република Македонија и тоа лице денеска потпишува на пример отказни решенија и ова прашање отвора можност уште колку такви лица седат на министерски позиции во Владата на Република Македонија или во институции чии функционери се назначени од Владата на Република Македонија, што практично се доведува можеби легитимитетот на Владата, а да не зборувам дека ние, во заклучоците што ги доставивме како предлог заклучоци до Собранието бараме од истата таа Влада да се погрижи со одредени мерки да се поправи безбедносно - политичката ситуација во Република Македонија.



\OR\I TRENDAFILOV: (Prodol`enie).

Ovoj fakt denes prv pat go slu{navme od ministerot za vnatre{ni raboti.

Nie kako predlaga~i odnosno prateni~kata grupa na VMRO-DPMNE, zate~ena so ova soznanie bara pauza od 30 minuti zaradi dopolnitelni konsultacii vo vrska so na{ite Predlog-zaklu~oci.

NIKOLA POPOVSKI:

Pauzata ne ja odobruvam.

Gospodine Kostov, imate replika na ova?

HARI KOSTOV :

Da.

NIKOLA POPOVSKI:

Inaku, samo da potsetam deka nie sme dol`ni da go po~ituvame institutot deka nikoj ne e kriv dodeka ne e osuden. Vpro~em vo salava jas gledam 5-6 lu|e so krivi~ni prijavi i site tie se nevini dodeka nekoj ne gi osudi. Morame da go {titime integritetot na lu|eto {to se izbrani od ova Sobranie i ne mo`eme da gi osudime nie pred tie da bidat od nadle`en sud osudeni. Edno e da bide obvinet, a drugo e da bide osuden. Jas samo kako pretsedatel konstatiram deka nikoj ne e kriv dodekane e osuden.

Povelete g. Kostov.

HARI KOSTOV:

Nie ne se zanimavame so nekoi telegrami koi stignale od nekoi izvori, tuku ona {to go pro~itav se tokmu izve{taite i od NATO i od OBSE i od EU. Duri i onoj tekst na pismoto g. Trendafilov go spomna na v~era{nata pres konferencija na ovie institucii, be{e jasno potvrdeno deka kaj niv nema nikakva promena okolu uspe{nosta i efikasnosta na akcijata vo Bres, od strana na ovie institucii, a toa {to po nekoi ~inovni~e mo`e da pra}a nekoi drugi pisma, toa si e negov problem.

Ministerstvoto za vnatre{ni raboti ne garantira fer sudska postapka. MVR garantira{e, dokolku ovie lica se predadat pred MVR, }e bidat ispora~ani potoa na javniot obvinitel i na sudot, a na sudot rekovme, mo`e bilo koj, ako saka da prisustvuva, za da gleda dali tamu }e bide ostvarena fer sudska postapka. MVR ne sudi.

Drugoto, okolu navodnata zbunetost, so licata od amnestijata, da ka`am, Zakonot za amnestija e donesen i toa {to vo nekoi fazi nekoja postapka ne e zavr{ena, ne zna~i deka nekoj ne mo`e da ja vr{i funkcijata za koja e postaven.

NIKOLA POPOVSKI:

Ima zbor g. Vlado Bu~kovski, minister za odbrana.

VLADO BU^KOVSKI:

Po~ituvan pretsedatele po~ituvani pratenici,

Se obidov 2 dena da se vozdr`uvam od diskusija, bidej}i imavme iskrena namera so ministerot Kostov, na zatvorena sednica odgovarame na site pra{awa koi gi interesiraat pratenicite i da raspravame i za mnogu podelikatni pra{awa, no bidej}i srame`livo, del od pratenicite ja otvorima glavnata tema, osnovno {to jas se javiv e ona {to ne smee da se premol~i, a toa se grubite obvinuvawa za nacizam i fa{izam izre~eni od pratenikot Mato{i, koj vsu{nost poka`uva edna od prip~inite zo{to denes treba da razgovarame mnogu potrezveno, a ovaa diskusija da bide pri~ina pove}e za vlo{uvawe na i taka slo`enata bezbednosna sostojba. Veruvav deka }e se nadminat tesno partiskite interesi a ne da se zloupotrebuvaat opredeleni  mediumi koi, za volja na vistinata, ako im veruvame, pi{uvaat, re~eme na 13 i 14 deka va{iot pretsedatel rekol "nema pove}e so`ivot, dr`avata mora da se podeli". Ili deka vo istiot vesnik od istiot den, nanazad tri meseci ima reprint na seto ona {to ni se slu~uva{e vo 2001 godina, pa na istata strana na koja doti~niot gospodin govori za ova, pi{uva "masakrirani 10 civili od seloto Quboten. makekdonskite sili izvr{ija masakr".

Vaka, po~ituvani pratenici samo se ote`nuva rabotata na nadle`nite slu`bi na Vladata i na site dobronamerni da se re{i problemot. No za `al, izborite vo 2002 godina poka`aa, no i denes se poka`uva deka tie idei se porazeni. Porazeni se g. Mato{i zatoa {to i da sakate da gi poka`ete makedonskite vojnici deka se fa{isti, tie se prifateni od lokalnoto naseleni. Razli`no e denes vo 2001 godina, {to zaedno so tie selani gradime dalnovod i vo Belanovce, vo kumanovsko-lipkovskiot region, `itelite od ova selo, vojnicite i Elektrostopanstvo na Makedonija, nosi struja. Razli~no e zatoa {to vo Tanu{evci doktorkata od Voena bolnica, vo momentot dodeka treba{e da se re{i problemot Zdravstven

dom - Skopje da isprati tamu lekar. Za 12 dena pregleda 100 pacienti. Razli~no e zatoa {to koga eksplodira{e bombata vo Vaksince i nastrada eden na{ vojnik, od utredenta pa slednite 6 nedeli, najavtoritetniot ~ovek od slup~ane albanec, oxata od Slup~ane, go znaete vie, be{e napred na konvojot na makedonskite vojnici i go predvode{e do Karaulata Belanovce, da poka`e deka toj }e bide dopolnitelna garancija. Razli~no e zatoa {to vo taa makedonska vojska denes, samo vo poslednata godina imame 429 oficeri, podoficeri i vojnici i u{te 105 podoficeri koi sega se obu~uvaat vo Veles. Razli~no e zatoa {to na granicata vo ovoj pojas ima, da ne vi gi ka`uvam brojkite, 20%. Razli~no e i jas taa razli~nost sakam da ja poka`am, nekoga{ i nesmasno pravej}i gaf, da poka`am na onoj kaj Vaksince {to ja postaviv bombata deka vo vtoriot vo redot vozila ima{e 8 mina vojnici. Od niv dvajca bea albanci. Razli~no e zatoa {to koga }e pukne minofrla~ot, edinstveniot polesno ranet vo kasarnata Ilinden, be{e vojnik Albanec. Toa se faktite, kako {to e fakt da odime vo va{iot region, zatoa {to vie dobro go znaete.

Vo Negotino Polo{ko, od Senokose do Mazdra~a, zaedno so gradona~alnikot od DPA i so sovetnicite go gradime patot. Razli`no e zatoa {to selanite od Negotino Polo{ko pred 3 meseci koga kriminalci grabnaa edno ov~ar~e alban~e i stotina grla ovci, pobaraa poddr{ka od Armijata i policijata, so helihopteri da gi spasuvame. Tie fakti denes ni trebaat. Ova {to go dava VMRO-DPMNE, faktite se porazitelni.

No da pogledneme {to ni se slu~uva{e vo 2001 godina. ]e vidite deka napravivme progres. Imame bezbednosna stabilizacija. No, ne postoi vol{ebna formula. Ne postoi. Nie napravivme ~udo. Vie ne sakate toa da go priznaete zatoa {to vo daden moment ne znaete. Ne znaevte deka va{ite porane{ni soborci }e napravat politi~ka partija i deka }e stanat glavnata politi~ka partija na Albancite. Ostanavte na pogre{nata strana.

Направивме чудо. Тие се тука затоа што им веруваме, затоа што, иако не го потпишаа Рамковнот договор, работиме на проектот за суверена и унитарна Македонија. Очигледно, не само со вашите изјави денес, вие работите на нешто друго. Работите на труење на албанците кои за среќа се посвесни од вас. Но и на труење и на македонците. Рецедиви од сето ова што го правите ни се овие деца кои денес ги

имаме на улица. Но, за жал, вие имате само идеи. Но е за жал тоа, за среќа. Среќа што на почетокот на 21-от век сеуште мислите дека е почеток на 20-от век.

XVIII/1.-РД/ЛЈ

ВЛАДО БУЧКОВСКИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Вие сеуште говорите за големи држави, а не знаете дека сте на прагот на најголемата држава, што ќе ги обедини и албанците и македонците сите ќе си ги извлечиме своите фрустрации. Тоа е голема Европа, обединета Европа. Дајте за тоа заеднички даработиме. Дајте помогнете нивие со Вашето влијание да ја подобриме безбедносната состојба. Досега говоревме дека АНА или фронтот за национално ослободување на Албанците нема политичка подршка во Македонија. На што личше вие тоа што го говоревте. Тоа ли сакате да направите да ја злоупотребите говорницата да ни покажете дека сепак некој се грижи и дека крвопрелевањето било резултат на спроведувањето на Рамковниот договор. Лудост. Лудост. Како што е лудост, затоа што не живеете во времето, не знаете каде живеете, што средбата на Бучковски и Тадиќ ќе ја споредите како средбата на Милошевиќ со Аџиќ. Па тој Тадиќ следната недела ќе дојде на покана на Американците и на НАТО во Охрид, на регионалната соработка. Знаете ли што е мојата задача и на задачата на министерот Мајко од Албанија? Да направиме мини колективен безбедносен систем во регионот. Да ја привлечеме во ова друштво и Србија и Црна Гора. Србија и Црна Гора до крајот на годината  се пред портите на НАТО, а вие уште ќе ги плашите неуките албанци со Србите. Ќе ме споредувате со Милошевиќ. Сме биле фашисти.

За садомазохизмот ќе оставам да објаснат колегите, не сакам да бидам адвокат на ДУИ, но го имаат искуството шест месеци и со најголемата опозиционата партија и со Вас во најкритичните моменти. Неспоредливо е, можете да замислите како. Затоа ми беше непријатно што некој од колегите, не можев да ги препознаам. Се плашам дека тоа не е македонската судбина. Сите политички партии на Албанците кога се во опозиција да бидат радикални.

Но се изменија драги пријатели околностите. Не смееме да бидеме заложници и на албанскиот радикализам и на македонскиот радикализам. И воопшто на сето она што вие меѓу себе си го имате како нерасчистени сметки. Рамковниот договор ние целосно ќе го имплементираме. Тоа го покажувале во армијата. Затоа, за Армијата не може и ќе мора дебело да се извините. Ќе ги провериме сите можности да видиме како на друг начин ако не сте доблести на тој начин да се извините за тешките обвинувања што ги дадовте и што Македонската Армија, Армијата на Република Македонија во која до 2007 ќе има над 20% албанци ја нарековте нацистичка и фашистичка. Нека ви служи тоа на чест. А за ова малку ќе земете ќе прочитате тие што печатат факти ако сакат да ни помогнат за соживотот за ова што е макотрпно, за ова што е ѓаволски тешко што го правиме, знаеме ние, знаат и нашите колеги од ПДП, најтешко им е на нашите колеги од ДУИ, постојано обвинувајќи ги и труејќи ги дека биле наши слуги. Не, тие ќе бидат слуѓи на сите граѓани на Република Македонија, како што сме ние слуѓи на сите граѓани на Република Македонија. Затоа, дајте Ве молам, ако сакате да биде оваа дискусија продуктивна, кажете што вие ќе направите. Не е тука мојот драг пријател Џевдет Нсуфи, мислев на крајот ќе рече, бидејќи не сакат да бидат популарни министерот за одбрана и министерот за внатрешни ќе рече јас сега еден од моите млинови ќе го ставам утре во погон во Брест и ќе ги вработам оние 50 заведени деца кои некој ги турка во огон и кој ги турка велејќи им дека доаѓа сонот, доаѓа времето на Голема Албанија. Се лажете драг пријателе. Поминаа тие времиња. Му реков, доаѓа времето што ние ќе го дочекаме а тоа е времето на голема Обединета Европа во која ќе ја однесеме ние Македонија, но не со такви како вас. (Аплауз).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јавува г-дин Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници.

Сличните говори како што беа сега на министерот за внатрешни работи и вашиот за албанците се минато. Сте останале многу назад затоа што се преправате како да сте јагниња, а од друга страна во вас има волци. Се покажувате како да сте многу заинтересирани за интеграција, а од една страна користите војска, под претекс за фаќање на криминалци. Обвинувањата кои вие ги искажувате на еден лидер на партија, кој што беше потписник на Рамковниот договор и кои што цело време велеше дека Рамковнот договор треба да се спроведе како таков и обвинувањаа кои ги искажувате дека ДПА поттикнува образа, обидувајќи се да ги покриете злочините што ги правите секојдневно и начинот на тоа како го повишувате гласот, ми личите многу на Милошевиќ. И токму со овие дејствија вие ќе докажете дека го следите неговиот пат, меѓутоа, за жал, албанскиот народ нема да ги прифати тие обвинувања. И дека определбата на албанците на Балканот за интеграции во Европските асоцијации, Евроатлантски асоцијации е многу јасна. Многу добро се знае како беа прифатени НАТО војниците во Македонија, а познати се и вашите делувања во време кога делуваше НАТО против Југославија при нападите против Југославија. Вие леевте крокодилски солзи затоа што вашиот голем брат доживеа неуспех. Па ѓи напаѓавте амбасадите, а вашето време измина и ние се гордееме дека иднината работи за нас. Ви Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јавува г-динот Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Жално е да се реплицира на ова што го кажавте дефинитивно. Покажавте со репликата дека не живеете во времето и во просторот за кој ние денеска и вчера говоревме. Ако се враќаме на 1999 година, дека вие не го вадите од устата само Милошевиќ, јасно е дека не можеме да се разбереме и дека овој Европски јазик кој ние го говориме, не затоа што сакаме да го наметнеме како стандард, за среќа го

прифаќа најмоќната политичка партија на Албанците во овој момент, тоа е ДУИ. И се повеќе ни станува јасно зошто ги изгубивте изборите во 2002 година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јавува г-динот Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Господине министер, навистина не е точно дека населението е задоволно што е опколено бидејќи вие со полициски сили сте ги опколиле селата Ваксинце, Склупчане. Тие се само ваши шпекулации. Тоа што го градите во село Беланец, може би е точно, но за време на војните Хоџа, не беше во Склупчане, беше во тоа време некаде во Турција. Тој не знае дека над 70 гранати беа фрлени врз тоа село и го разрушија селото. а сега се гради не поради раселените албанци од селото, туку за вашата војска,за вашите сили уште еднаш да се разурне тоа село, таа тврдина на албанците во Кумановската општина. Вие самите го произведовте Чакала и не направивте опколување заради еден Чакала таму. Чакала можете да го најдете и во Скопје и во Куманово, каде сакате. Толку имав.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јавува  г-дин Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас ќе бидам многу краток. Што барале војската во Брест, кога знаеме дека улогата на војската е да ги чува границите. Зошто имаме пукање и истррели од топови и од оружје на војската, затоа што    вие господине министре кога сте биле 8 години функционер на СДСМ и сте ги познавале многу добро, колку придобивки може да има земјата од ЕУ, не сте направиле никаква реформа во таа насока.

Што се однесува до изјавите на претседателот на партијата тоа е токму фокусирано во Рамковниот договор. И вели дека тоа не е повеќе Охридски договор, туку е договор меѓу политичките партии.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јавува г-динот Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Господине Матоши ја користам приликата иако тоа не е задача на извршната власт да имаме и едукативна улога.

Законот за преминување на државната граница и движење во граничниот појас ја дефинира улогата на Армијата и дефинирај што е граничен појас.

На 27 април 2001 година за време на претходниот воен конфликт ВМРО-ДПМНЕ, Либералната партија и ДПА донесена е одлука за проширување на граничниот појас на одделни делови од државната граница кој е проширен на места на 10.000 метри, на други места на 5.000 метри. Армијата во Брест беше затоа што тоа е во граничниот појас и беше таму затоа што десетина дена пред да се случи Брест беше гранатирана караулата во Гошинце. Беше таму како засилена патрола ни далеку од 1700 без две нули пак ќе бидат многу колку беа таму војници, така што армијата не употребуваше ниту топови, ниту артилерија, тоа ќе ви го кажам добронамерните ако отидете во Брест и неговата околина.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитувани колеги, веќе е 17,00 часот.

Господинот Трајановски процедурално и со тоа да завршиме, за денеска ќе ја заклучам дебатата.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам.

Претседателе, доколку може ние како пратеничка група бараме говорите од министерот за внатрешни работи и од министерот за одбрана да можат да бидат симнати и да можеме да ги добиеме во понеделникот сабајле.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Службено ќе ги добиете до понеделник секако, вие редовно ги добивате.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ако може во понеделник пред седницата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе ги добиете до понеделник, тоа ви кажувам.

Седницата ќе продолжи во понеделник во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,05 часот).